СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024 ГОДИНА

Март 2025 година

Скопје

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **17-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br><br>25.07.2024 година | • Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески ја претстави новата методологија во интерес на компаниите, која со активен дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор е во функција на економските реформи на РСМ<br>• Извештај за активностите на СКСМ во 2023 година<br>• Финансиски извештај за работењето на Стопанска комора на Северна Македонија за 2023 година со Ревизорски извештај за 2023 година и Извештај на Надзорниот одбор за финансиското работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година;<br><br>***Свечениот дел од Седницата започна од 12:00 часот во присуство на членовите на сите органи и тела на Комората на кој по повод одбележувањето на нашиот јубилеј -102 години од коморското организирање во нашата држава се доделија наградите на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година и свое обраќање имаше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф.д-р Христијан Мицкоски.*** |
| **18-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br><br>30.12.2024 година | • Експозе на претседателот на Стопанската комора на Северна Македониаја Бранко Азески за актуелните состојби во бизнисот и државата во 2024 година;<br>• Програма за работа на Стопанската комора на Северна Македонија во 2025 година;<br>• Финансиски план за 2025 година на Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Кадровски прашања;<br>• Одлука за распишување избори за избор на претставници на здруженијата според дејности во Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија |

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **25-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br><br>**29.01.2024 година** | • Платформа за разговори со политичките партии во пресрет на парламентарните избори во 2024 година;<br>• Платформата за соработка со Стопанската комора на северо-западна Македонија;<br>• Предлог-иницијатива за организирање на акција на Стопанската комора на Северна Македонија за издавање на лични документи за претставници на бизнис заедницата;<br>• Извештај за проектните активности во 2023 година;<br>• Извештај на Комисијата за поддршка на процесите за дигитализација на компаниите;<br>• Деловник за работа на Советот за сертификација и Деловник за работа на Техничките комисии за издавање на сертификатна марка; |
| **26-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br><br>**28.03.2024 година** | • Платформа за разговори со политичките партии во пресрет на парламентарните избори во 2024 година;<br>• Одлучување по Жалба против Одлука бр.02-216/3 од 19,02,2024 година на Комисијата за финансиска поддршка на процесите за дигиртализација во компаниите по Договор за доделување на средства-финансиска поддршка во процесите на дигитализацијата бр.03-504/1 од 05.05.2023 година склучен со Динерс Клуб Интернационал МАК АД Скопје;<br>• Извештаи за 2023 година и Програми за работа во 2024 година<br>- Извештај за остварени финансиски резултати од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година;<br>- Предлог-годишен финансиски извештај и Предлог-извештај за работа на Бизнис центарот за тренинг и обука ДООЕЛ Скопје за 2023 година;<br>- Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките-Годишен извештај за работата 2023 година и Програма за работа во 2024 година;<br>- Совет за унапредување на високото образование и стратешки истражувања- Годишен извештај за работата 2023 година и Програма за работа во 2024 година;<br>• Одлука за избор на најповолна понуда за печатење на обрасците за уверение за потекло “ORIGIN” и уверение за потекло „FORM A“ и Овластување за печатење на обрасците за уверение на потекло “ORIGIN” и уверение за потекло „FORM A“;<br>• Правилник за измена и дополнување на Правилникот за организацијата и работењето на Кабинетот на претседателот и Стручната служба на Стопанската комора на Северна Македонија; |

| | |
|---|---|
| **27-МА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br><br>**18.06.2024 година** | • Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески поднесе извештај за разговорите со мандатарот на Владата на РСМ по прашања од суштински карактер меѓу Владата и Комората;<br>• Информации за проектни активности<br>- Информација за состојбите за Проектот: „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор преку подобрување на производните и технолошките способности на извозно ориентираните МСП", со кофинансиран грант преку Инструментот за технолошка екстензија на Фондот за иновации технолошки развој;<br>- Проектен менаџер (квалификации, предуслови и работни задачи)<br>• Организација на работењето<br>- Правила за организацијата и начинот на работа на Институтот за извоз во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија;<br>- Одлука за за престанување со работа и за ликвидација на друштвото за трговија и услуги ККУ ГЛОБАЛ ДООЕЛ Скопје<br>• Одлука за одобрување на парични средства за соработка со медиумите; |
| **28-МА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br><br>**28.10.2024 година** | • Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели,<br>• Информација за поврат на данок на додадена вредност (ДДВ);<br>• Информација до Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија со барање согласност за одобрување на средства за поврат кон ФИТР за Проектот „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор преку подобрување на производните и технолошките способности на извозно ориентираните МСП" – реализиран 2019-2021 година;<br>• Барање од застапник во областа на правото од интелектуална сопственост на Philip Morris Brands Sàrl за територијата на Република Северна Македонија за ограничување на списокот на производи и услиги по поднесена пријава за сертификатна марка "Македонски екстра квалитет" до Државниот завод за индустриска сопственост од Стопанската комора на Северна Македонија;<br>• Информација за активностите на Комората поврзани со влегувањето во сила на Законот за нефер трговски практики и превземените активности од наша страна после стапувањето на сила на Законот;<br>• Кадровски прашања |

| | |
|---|---|
| **29-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**<br><br>**10.12.2024 година** | • Информација за актуелната состојба;<br>• Предлог-Одлука за избор на претставници од СКСМ, кои ќе учествуваат во дискусиите на седниците на Владата на РСМ, за теми од значење за бизнисот;<br>• Методологија за подготовка и спроведување на анкети;<br>• Информација за формирани Клубови<br>• Информација од генералниот секретар на КИФ за тековните случувања во регионалната економска соработка и услугите развиени од КИФ во овој процес;<br>• Предлог-програма за работа на СКСМ во 2025 година и Предлог-Финансиски план за 2025 година; |

## СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **Десетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 02.02.2024 година** | • Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2023 година со извештаите на пописните комисии |
| **Единаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 05.04.2024 година** | • Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година<br>• Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА“ ДООЕЛ - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година |
| **Дванаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 13.05.2024 година** | • Извештај за остварени финансиски резултати за период јануари - март 2024 година;<br>• Финансики план за 2024 година по квартали;<br>• Барање на Фершпед АД Скопје членарината на СКСМ да ја подмирува исклучиво по пат на компензирање |

| | |
|---|---|
| **Тринаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 27.08.2024 година** | • Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Северна Македонија за период 01.01.2024 до 30.06.2024 година<br>• Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2024 година<br>• Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2024 година<br>• Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2024 година<br>• Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2024 година |
| **Четиринаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 16.10.2024 година** | • Информација до членовите на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија за купување на хартии од вредност (државни обврзници и акции) |
| **Петнаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 06.12.2024 година** | • Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Северна Македонија за 2025 година |

Клуб 100 има водечка улога во менаџирањето на Комората, тој е најрепрезентативен претставник на приватниот сектор во нашата држава и е преговарачки тим на Комората на највисоко ниво, и во домашните и во меѓународните релации. Нивните компании (бизниси) остваруваат годишен обрт од над милијарда евра, вработуваат над 6.200 вработени, остваруваат над 100 милиони евра профит, годишно уплаќаат повеќе од 105 милиони евра даноци и придонеси и со години наназад се во врвот на листата на најуспешните компании.

Во 2024 година преку одржани седници, работни состаноци и непосредна комуникација на дневна основа работеа на дефинирање и утврдување на стратешки правци на работење и делување на Комората. Се следеа сите законски измени кои имаа влијание на работењето на компаниите и соодветно се превземаа низа активности. Фискалната дисциплина на бизнисите и државата, адаптирањето на промените и можност за одговор на конкурентските притисоци при влезот во ЕУ**,** градење на начини на постапување на Комората во утврдување на ставовите и поднесувања на иницијативите од значење за стопанството, унапредување на соработката со Владата на РСМ од формална, на посуштинска, следење на состојбите по поведените постапки во 2023 година за оценување на уставноста пред Уставниот суд за Законот за данок на солидарност, Законот за извршување и Законот за облигации, состојбите со сивата економија, инфлаторните движења, се само дел од активностите на Клубот 100 кои се реализираа во 2024 година.



# КОЛУМНИ, СТАВОВИ И АКТИВНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ

03.01.2024

АБК-АСОЦИЈАЦИЈА НА БАЛКАНСКИ КОМОРИ (1994Г.)

## ИНТЕРВЈУ СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА, БРАНКО АЗЕСКИ, БАЛКАНСКИ КОМОРСКИ ЛИДЕР



Балканскиот бизнис одамна е во ЕУ -Комора: Претседателе Азески ќе опстои ли македонската држава? Азески: Ќе опстои секако. -Комора: Каде погрешивме? Азески: Да мислиш дека не можеш да погрешиш е состојба за која ти „нема помош", а такви сретнувам сè повеќе. Јас не сум сигурен што грешиме во моментов, но за пред 30 години можам да ви кажам три големи грешки: -Комора: Кои се тие грешки? Азески: Бевме неодлучни како да се поставиме пред распаѓањето на СФРЈ и тоа скапо го плативме. Предолго тактизиравме. Погрешивме и тоа што тогаш не го повикавме целокупниот човечки потенцијал што го имавме во светот да се вклучи во градење на државата која ја создадовме под тешки битки и голем број на жртви. Но, најголемата грешка е тоа што на почетокот не изградивме заедничка платформа за функционирање на државата обременета со разноразни поделби, што значи ги продолживме поделбите и не изградивме приоритети. -Комора: Што и како понатаму? Азески: Како цел Балкан, НАТО, ЕУ, обединет Балкан, обединета Европа. Стрпливост за политиката, брзина за бизнисот, одговорност за сите. -Комора: Вашите очекувања за 2024 година? Азески: Очекувам новата Влада, по изборите што ќе се случат на пролет, што поскоро да се позабави со проблемите на реалниот сектор. Мојата прва цел е да продолжиме да ја засилуваме реалната економија, да ги поддржуваме иновациите и да ја стимулираме конкурентноста во нашата бизнис средина, со поддршка на науката и образовните институции. На регионален план, претседателството со Асоцијацијата на Балкански комори оваа година има потенцијал да ја зголеми видливоста на македонската бизнис-заедница на меѓународната сцена и да отвори можности за соработка и инвестиции. Во фокусот на нашето претседателство ќе биде инфраструктурата, инвестициите и извозот. Во сите овие активности кои ќе следуваат клучна ќе биде поддршката од меѓународните финансиски институции, сè во контекст на поголем економски напредок. Што е АБК? АБК е здружение на 10-те стопански комори од Балканскиот регион (членки и не-членки на европската Унија), кое во 2024 година одбележува 30 години од своето постоење. Целта на Асоцијацијата е создавање интеграција и развој на стопанската соработка во регионот. Членки на АБК, покрај Стопанската комора на Северна Македонија, се и Стопанската комора на Албанија, Стопанската комора на Бугарија, Надворешно трговската комора на БиХ, Стопанската комора на Црна Гора, Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Стопанската комора на Кипар, Стопанската комора на Романија, Стопанската комора на Србија, Унијата на Комори и стокови берзи на Турција и Стопанската комора на Косово.

## ИНТЕРВЈУ РИФАТ ХИСАРЧИКЛИОГЛУ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УНИЈАТА НА КОМОРИ И СТОКОВИ БЕРЗИ НА ТУРЦИЈА

Да ги отстраниме трговските бариери, зашто трговијата носи мир, а мирот произведува богатство Рифат Хисарчиклиоглу, претседателот на Унијата на комори и стокови берзи на Турција е долгогодишен пријател и голем поддржувач на Стопанската комора. Предновогодишно со него поразговаравме за економската ситуација во регионот, соработката меѓу Македонија и Турција, поддршката што турските компании ја добиваат од владата, но и за очекувањата и желбите во Новата година   Комора: Како претседател на најголемата Комора во регионот, која ја претставува и најголемата економија во регионот-Турција, и е дел од Асоцијацијата на балканските комори, како ја оценувате моменталната економска ситуација во регионот и кои се вашите очекувања за следната 2024 година? Хисарчиклиоглу: По забавувањето во 2023 г., во 2024 г. очекуваме економскиот раст на Балканот умерено да забрза на три проценти во услови на непрекинато закрепнување на Европската Унија, којашто е главниот трговски партнер на регионот и на пониска инфлација што ќе ги потпомогне расположливите приходи на домаќинствата и ќе ја поддржи потрошувачката. И покрај неколкуте потреси, Балканот успеа да порасне, да создаде работни места и да ја намали сиромаштијата, што укажува на силните економски основи на регионот. Закрепнувањето и враќањето на претпандемиското ниво напредува со различно темпо кај секоја земја.  Растот на Црна Гора и Албанија во 2023 г. беше посилен од очекувањата, благодарение на успешната туристичка сезона, меѓу другото. Растот на Македонија, Босна и Херцеговина, Косово и Србија во 2024 г. би требало да забрза, поткрепен од растот на потрошувачката и инвестициите. Комора: Со какви проблеми се соочуваат компаниите во Турција? Хисарчиклиоглу: Макроекономската рамнотежа претрпи значителна штета од експанзивните политики што се применија по пандемијата. Иако експанзивната монетарна политика го одржа домашниот раст, поттикнат од побарувачката, на високо ниво, таа доведе до инфлација, доларизација, висок дефицит на тековната сметка и притисок од девизниот курс. Во последните две години, високата инфлација драстично ја искриви распределбата на приходот и богатството. Се влоши инфлациската динамика и однесувањето на цените. Поради тоа, воведувањето на силна програма за стабилизација во 2023 г. стана неопходно. Други предизвици со кои се соочуваат турските компании се затегнатите услови за финансирање, растечките каматни стапки, недостигот на стручен кадар, нарушувања на синџирот на снабдување и запирањето на извозниот раст поради рецесијата што се појави во Европа, нашиот најголем извозен пазар. Комора: Дали компаниите добиваат некаква поддршка од Владата? Хисарчиклиоглу: Достапна е готовинска и безготовинска поддршка и на секторска, и на регионална основа. Опфаќајќи ги и т.н. „гринфилд" и „браунфилд" проекти, турската влада нуди сеопфатна програма за стимулирање инвестиции која вклучува широк дијапазон инструменти што помага да се намали товарот на првичните трошоци и да се забрза повратот на инвестициите. Ваквите стимулации може и да се скројат по мера на проектите во приоритетните сектори што се сметаат за клучни области за трансфер на технологија и економски развој. Дополнително, турската влада нуди повеќе програми за поддршка на истражување и развој и иновациски проекти, иницијативи за обука на кадарот и на извозници преку разни грантови, стимулации и заеми. Турција е поделена на шест региони според нивото на индустријализација. Регионот 1. е составен од најразвиените градови, а во Регионот 6. се најмалку развиените градови. Целта на ваквата перспектива е да придонесе за развој на понеразвиените региони преку охрабрување на инвестиции. Стапката на стимулативни механизми се зголемува постепено од Регионот 1. до Регионот 6. Главните механизми за поддршка се: изземање од плаќање данок, изземање од царини, намалување на корпоративниот данок, поддршка за плаќање камати (владата

покрива одреден дел од каматите што се плаќаат за добиените заеми), поддршка за енергетските трошоци (инвеститорот добива делумен попуст на трошоците за електрична енергија) и гаранции за јавни набавки (за производите што ќе се изработат во рамки на инвестицијата). Се нудат повисоки стимулации за инвестиции во понеразвиени региони (меѓу кои и „Стимулации за приоритетни инвестиции" што нуди стимулации за производство на среднотехнолошки и високотехнолошки производи без разлика на регионот каде се инвестира). Високи стимулации за области со силен увоз. Дополнително, локалните развојни агенции нудат грантова поддршка во одредени инвестициски области со цел да се засили регионалниот развој и конкурентноста.  Комора: Гледате ли простор за зголемување на соработката меѓу Турција и Македонија?  Хисарчиклиоглу: Билатералната економска соработка меѓу Турција и Македонија значително порасна во последните години. Турција е седмиот најголем трговски партнер на Македонија според обемот на надворешна трговија. Билатералната трговија достигна 1 милијарда долари, а возможен е и уште поголем раст. Очекуваме ажурирањето на нашата спогодба за слободна трговија да се заврши што поскоро со цел да ја издигнеме билатералната трговија на повисоко ниво. Исто така, Македонија е важен партнер на полето на инвестициите. Соработуваме во многу сектори, од трговија до индустрија, од енергетика до транспорт, од здравство до земјоделство, од образование до МСП. Преку 1300 турски компании работат низ разни сектори во Македонија, со висина на инвестиции од 1,2 милијарди долари. Турските деловни субјекти се активни во многу сектори, а градежништвото, енергетиката, текстилната индустрија, туризмот и прехранбениот сектор се особено примамливи за турските инвеститори. Соработката со Македонија се проширува во континуитет, особено преку придонесот на инвестициите од нашите компании за обновлива енергија и инфраструктурните проекти што ги спроведуваат нашите изведувачи. На овој начин, со задоволство го поддржуваме развојот на инфраструктурата и придонесуваме за зајакнувањето на македонската економија. ТОББ поздравува и охрабрува секаков вид партнерство, економска соработка и заеднички инвестиции со Македонија.

## ИНТЕРВЈУ: ЈОАНИС МАСУТИС, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УНИЈАТА НА ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКИТЕ КОМОРИ НА ГРЦИЈА

Прашање на време е кога грчките компании ќе ги препознаат добрите услови за повторно инвестирање во вашата земја Комора: Северна Македонија и Грција се важни економски партнери. Присуството на грчкиот капитал кај нас е големо. Може ли во скоро време да очекуваме нови грчки инвестиции? Имате ли некакви информации да споделите со нас за тоа? Масутис: Несомнено, нормализирањето на односите меѓу нашите две земји е предуслов и ќе има позитивно дејство во правец на зајакнување на нашата стопанска соработка. Меѓутоа, инвестирањето капитал во крајна линија е одлука на самите инвеститори и се заснова чисто врз деловни и економски критериуми. Лично, сметам дека е само прашање на време кога ќе видиме грчки компании кои ќе препознаат добри услови за повторно инвестирање во вашата земја.  Комора: Во каква состојба е економијата во Грција сега? Дали состојбите се стабилизираа по финансиската криза што ја зафати државата? Кои сектори најбрзо се вратија во нормала, а на кои им треба повеќе време? Масутис: Грција веќе се врати на патеката на стабилноста и растот дури и пред пандемијата со КОВИД-19, а тоа го покажува зголемувањето на кредитниот рејтинг на нејзината економија од страна на меѓународните агенции за рејтинг и добивањето инвестициска оцена.   Комора: Ви сте сопственик на големиот ланец на супермаркети Масутис, каде работат над 10.500 вработени. Како ги оценувате состојбите во трговијата во моментот? Кои се правилата по кои треба да се води една компанија? Како вие работите? Масутис: Оваа 2023 година може да се опише како година на растечки цени кај повеќето стоки за широка

потрошувачка, што претставуваше и глобална појава. Но, цените веќе почнаа да се нормализираат и верувам дека ќе се вратат на пониско ниво во 2024 г. Сите деловни субјекти во секторот малопродажба се соочуваат со силна конкуренција. Особено денес, кога споредувањето цени преку интернетот е инстантно, еден синџир од супермаркети мора да работи потполно транспарентно и да има добри и конкурентни понуди ако сака да ја стекне и задржи лојалноста на неговите потрошувачи. Комора: Кои се вашите очекувања за 2024 година и на личен, но и на економски план? Масутис: Пожелувам 2024 г. да биде добра година за сите нас и конечно да го дочекаме крајот на непријателските дејства во Украина и Блискиот Исток што преставуваат кочница за економскиот развој и просперитет на нашите народи.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/397

## 15.01.2024

## Азески во интервју за Вечер: Воспитан сум секој ден да давам сè од себе и тоа да биде повеќе од вчера




Извозот треба да биде алфа и омега на нашата економија и тука државата мора повеќе да се ангажира и да даде поддршка. Без инфраструктура нема развој, нема нови инвестиции, нема нови вработувања и со тоа нема економски напредок, вели во интервју за весникот Вечер претседателот на Стопанската комора Бранко Азески. Тој посочува дека како држава се соочуваме со неквалитетен систем на образование, што предизвикува недостаток на квалификувана работна сила. Азески укажува дека во нашиот систем ни недостасува и владеење на правото. Ни недостасуваат и сериозни мерки за сузбивање на сивата економија и дигитализација на услугите. Со еден збор потребно ни е подобрување на бизнис-климата во целина. Азески смета дека во услови на кревок економски амбиент и битка со хронична ликвидност стопанствениците оправдано стравуваат дека изборите во 2024 година ќе ја забават економската активност. Како што вели ќе изгубиме многу месеци во политички кампањи, избори, конституирање на нов парламентарен состав, именување на министри во Владатаhellip; -Неизвесноста е смрт за инвестициските активности и за нивниот развој вели Азески. Според него сузбивањето на корупцијата е врвен коморски приоритет. Во продолжение го пренесуваме целото интервју: Зад нас оставаме уште една тешка година на економски план. Година со исклучително висока инфлација, недоволно странски инвестиции, штрајкови; Но, покрај се, со несмалено темпо се одвиваат активностите на патот кон евроатлантските интеграции кои ги води најстарата Стопанска комората во Македонија, на чело со нејзиниот претседател Бранко Азески. За Комората бизнис-заедницата е значаен фактор во создавањето на БДП, во плаќањата на даноците, во вработувањето и во создавањето нови работни места. Комората активно се бори за сузбивање на сивата економија, ненаплатените даноци, како и за поголем квалитет на услугите јавните сервиси, дигитализацијата, но и за поддршка на бизнисот за да пласира поголем обем на производство и услуги, да се поддржи извозот, да се стави мораториум на непродуктивните трошоци. Разговаравме со Бранко Азески, претседател на Стопанската комора којшто во врска

со неговиот долгогодишен ангажман во Комората за себе ќе каже дека е воспитан секој ден да дава cegrave; од себе и тоа да биде повеќе од вчера. -Важно е за сите нас да одиме по скалата нагоре. И да не се споредуваме со другите, зашто тоа е игра во која секогаш ти губиш. Да се споредуваме самите со себе каде сме биле лани, пред десет години итн. Ако одиме нагоре, тоа е успех. Тоа треба да negrave; радува вели во Новогодишното интервју за весникот ВЕЧЕР, Азески. Претседателот на Стопанската комора укажува дека изборите во 2024 година ќе ја забават економската активност, во услови на кревок економски амбиент и битка со хронична ликвидност. Ќе изгубиме многу месеци во политички кампањи, избори, конституирање на нов парламентарен состав, именување на министри во Владата; Неизвесноста е смрт за инвестициските активности и за нивниот развој вели Азески. Претседателе Азески, што ѝ недостига на Македонската економија? Азески: Македонската економија, иако бележи одреден напредок, се соочува со многу предизвици кои низ годините како да се продлабочуваат наместо да се намалуваат. Првично, потребно е да се работи на зголемување на конкурентноста на нашите компании на меѓународен план, тоа значи поддржување на извозот, иновациите и технолошкиот напредок. Еве гледаме дека извозот паѓа трет месец по ред. И ова е лош показател за нашата економија. Извозот во Германија, нашиот најголем извозен пазар, во октомври бележи пад од 10%. Србија и Италија со пад од 20% и така натаму, да не набројувам. Јас постојано кажувам дека извозот треба да биде алфа и омега на нашата економија и тука државата мора повеќе да се ангажира и да даде поддршка. Понатаму, инфраструктурата. Без инфраструктура нема развој, нема нови инвестиции, нема нови вработувања и со тоа нема економски напредок. Понатаму, како држава се соочуваме со неквалитетен систем на образование, што предизвикува недостаток на квалификувана работна сила. И овој проблем станува се повидлив со годините. Лично ме загрижува зашто не гледам дека државата нешто презема на тој план. Во нашиот систем ни недостасува и владеење на правото. Ни недостасуваат и сериозни мерки за сузбивање на сивата економија и дигитализација на услугите. Со еден збор, потребно ни е подобрување на бизнис-климата во целина. Каде ја гледате иницијалната каписла за конечно работите да тргнат на подобро? Азески: Треба истовремено да се дејствува на повеќе полиња. Иницијалната каписла лежи во стратегиското инвестирање во инфаструктурата, истражување и развој, извозот, како и во образованието. Сето она што го набројав погоре има големо влијание врз целокупниот амбиент за работење. Не сум убеден дека и следнава година ќе има одредени поместувања на тој план. А сакам да сум оптимист. Во услови на кревок економски амбиент и битка со хронична ликвидност стопанствениците оправдано стравуваат дека изборите во 2024 година ќе ја забават економската активност. Ќе изгубиме многу месеци во политички кампањи, избори, конституирање на нов парламентарен состав, именување на министри во Владата; Неизвесноста е смрт за инвестициските активности и за нивниот развој. Но, ајде, во духот на новогодишните празници да бидеме со позитивна мисла. Нашиот народ вели „кога ќе ја избереш надежта се е можно". Секоја нова година е нов предизвик за сите нас. Може ли со ова ниво на корупција, да ја развиваме македонската економија? Азески: Корупцијата е сериозен проблем и пречка за развој на која било економија. Јас немам илузија дека ние како држава ќе ја сведеме корупцијата на нула, тоа не се случува ниту во најразвиените демократии во светот. Но очекувам работите системски да бидат поставени. За да ги подобриме состојбите, потребно е да се има политичка волја. Ние мора да се бориме против корупцијата со јасни мерки, подобрување на правосудството, зголемување на транспарентноста и одговорноста во јавниот сектор. И да се подигне свеста за негативните последици од корупцијата во бизнис-заедницата. Комората е посветена на тоа. Сузбивањето на корупцијата е наш врвен приоритет. И со таква цел влеговме во проектот „Граѓаните против корупцијата", каде што има повеќе чинители. Ние како Стопанска комора го претставуваме приватниот сектор и во следните пет години

посветено ќе работиме на тоа.  Бурно реагиравте за солидарниот данок, тој сепак се собра од компаниите, иако доставивте претставка до Уставниот суд, какви се Вашите размислувања во однос на оваа давачка? Азески: Солидарниот данок предизвика бурни реакции поради начинот на кој беше предложен и донесен од страна на владејачката гарнитура и поради неговиот несистемски и дискриминирачки карактер. Ние и тогаш и сега сме на истиот став. Важно е да се разговара со бизнис-заедницата и да се најдат адекватни решенија кои ќе поддржат економски раст и развој, без да се загрозува конкурентноста на компаниите. И во оваа пригода сакам да појаснам дека Законот за данок за солидарност нема никаква врска со оспорување на солидарноста. Има врска со определени процедури и основни принципи на работа што мора да се почитуваат. Нашите очекувања се дека Уставниот суд на Република Северна Македонија ќе ја донесе одлуката врз основа на уставните одредби. Плаќањето на даноците од секој даночен обврзник, покрај што е обврска, плаќањето афирмира и лојалност кон сопствената државата, а како Стопанската комора тоа и го манифестираме и го промовираме. Но денес парите се скапи и за компаниите и за државата и затоа мора заеднички, компромисно да дејствуваме во висински правец и да ги насочиме силите кон вистинските работи. Борба со сивата економија, ненаплатените даноци, поголем квалитет на услугите јавните сервиси, дигитализацијата, едноставно да се поддржи бизнисот за да пласира поголем обем на производство и услуги, да се поддржи извозот, да се стави мораториум на непродуктивните трошоци. И во овој случај, со солидарниот данок, главна цел на Комората е да ги заштити интересите на своите членки и да им помогнеме во процесот на законска заштита, а таа го прави тоа. Дали Отворен Балкан е еден од патиштата за развивање и напредок на нашата економија? Азески: Отворен Балкан беше добронамерна идеја, која според мене не помина најдобро. На Балканот му е потребна отворена врата за подобрување на инфраструктурата, регионалната трговија и инвестициите, тоа е факт. Ние сите, гледано глобално, сме мали пазари и затоа е потребно да ги искористиме синергиите за заеднички да ја зголемиме конкурентноста преку соработка и развивање на заеднички проекти. И тоа е она што го правиме преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ). Предноста на КИФ е во тоа што тој е платформа на бизнис заедницата од шесте земји од Западен Балкан. И таа е претставена преку стопанските комори на тие земји. Што би се рекло, бизнис-заедницата е моторот и главен двигател на процесите. Отворен Балкан е владина иницијатива каде што бизнисот, условно кажано, само помага. И некако не беше прифатен како свој, туку како наметнат. Затоа стопанските комори од регионот се повеќе свртени кон КИФ. И очекувањата од оваа платформа се поголеми. Идната 2024 година ќе бидете претседател на Генералното собрание на Асоцијацијата на Балкански комори (АБК). Дали очекувате тоа да ѝ донесе бенефит на македонската економија и на пример поголем економски раст? Азески: Претседателството со Асоцијацијата на Балкански комори има потенцијал да ја зголеми видливоста на македонската бизнис-заедница на меѓународната сцена и да отвори можности за соработка и инвестиции. Мрежата на Асоцијацијата, каде што членуваат комори од десет држави, ќе се искористи за заедничко учество во ЕУ проекти, заеднички настап на нашите компании и бизниси на трети земји, вмрежување, нови услуги и слично. Во фокусот на нашето претседателство ќе биде инфраструктурата, инвестициите и извозот. Во сите овие активности кои ќе следуваат клучна ќе биде поддршката од меѓународните финансиски институции, се во контекст на поголем економски напредок. Јас ве уверувам дека ние како Комора ќе направиме се, во рамки на АБК, и со целиот кадровски капацитет да им помогнеме на нашите компании и да ги придвижиме работите напред. Воспитан сум секој ден да давам се од себе и тоа да биде повеќе од вчера. Добитник сте на бројни награди и признанија, последно ја добивте наградата за голем придонес во одржување и развој на македонското стопанство како претседател на најголемата Стопанска комора во земјава. Што за Вас

лично претставуваат наградите? Азески: Воспитан сум секој ден да давам се од себе и тоа да биде повеќе од вчера. Така живеам сите овие години и верувам дека тоа ми помогна да бидам на оваа позиција. Наградите секако се признание и потврда за посветеноста и успешноста и ми значат многу зашто тие се и мој потсетник дека треба постојано да бидам над тоа ниво. Важно е за сите нас да одиме по скалата нагоре. И да не се споредуваме со другите, зашто тоа е игра во која секогаш ти губиш. Да се споредуваме самите со себе каде сме биле лани, пред десет години итн. Ако одиме нагоре, тоа е успех. Тоа треба да не радува.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/402

## 15.01.2024
## НОВИ АЛАТКИ ЗА УСПЕШНИ БИЗНИСИ




Нека ни е среќна новата 2024-та година, која решивме да ја посветиме на лансирање на нови алатки во корист на нашите компании. Претпоставуваме дека и оваа година ќе биде една од низата кризни, но овој пат збогатена и со двојни избори за претседател и за парламент на државата. Ние во СКСМ сме сите на број, што значи никој не не напуштил, а доаѓаат многу други субјекти. Тоа ќе трае се додека ние сме авангарда во коморскиот систем и се додека нудиме нови можности. Затоа и вреди да се учествува во тие процеси и секој од нас да се вгради во Комората на иднината. 1. Значи, денеска (15-ти јануари) ја отвораме оваа 2024-та година во која целосно ја трансформираме Комората. Го конституираме Центарот за микро мали и средни претпријатија, а на 18-ти јануари ќе посакаме добредојде на Комората на трговски друштва за геодетски работи, која целосно од ССК преминува во СКСМ. Циклусот ќе биде затворен со настан на кој ќе се промовира формирањето на Центар за циркуларна економија. 2. Во меѓувреме, во Скопје ќе се одржи и Самит на лидерите на 6-те земји на Западен Балкан на кој ќе се разговара за планот за економски развој подготвен од Европската Унија, на кој за прв пат како субјект кој ќе учествува во неговото концепирањето е ставен Коморскиот инвестициски форум (КИФ), што е голем успех и за нас кои сме носечки кадри во таа институција. 3. До крајот на месецот ќе издадеме и една книга за стратешките документи кои ги издала СКСМ во изминатиот период и кои се темелни принципи на секоја современа економија. Тие документи се практична потврда за капацитетот на нашата институција која во моментов е една од најзначајните во државата. Сето тоа започна во 2010-тата година со изработката на новиот модел за економски развој кој гарантираше раст од 5% до 7%, доколку се реализираше во целост. 4. На 31 јануари ќе продолжи континуираната соработка со Ректоратот на скопскиот Универзитет, а ќе ни се придружат и ректорите на уште неколку државни Универзитети. 5. Сите знаете дека оваа година ние претседаваме со Асоцијацијата на Балкански Комори (АБК). Агендата за активностите за оваа година е веќе готова, и ќе започне веќе овој месец со прес конференција на која ќе се најават активностите за првото тромесечие од оваа година, а се однесуваат на инфраструктурната поврзаност на Балканот која што ќе биде анализирана професионално и детално. СБ, ЕБРД и Европската транспортна заедница ќе бидат наши партнери во тој процес, со кои ќе оствариме средби во текот на февруари, а во март ќе организираме голем собир на 10 балкански лидери во една

од земјите кои има најдобро инфраструктурно решение за бизнисот. 6. Посебна благодарност сакам да му изразиме на Сафет Ѓерѓалиу, поранешен претседател на Стопанската комора на Косово кој самоиницијативно без наше знаење дојде во Македонија и даде неколку интервјуа за медиумите на албански јазик во која зборуваше за реномето на нашата институција кога бевме неосновано нападнати. Значи „продолжуваме турбо", исто како и последното тромесечие од минатата година во која преку една мала репортажа ќе дадеме ретроспектива на настаните. Традицијата на заедничко одбележување на родендените продолжи со сопственикот на ИГМ Трејд, Илија Гечев а неизбежен декор беше и нашиот коморски знак на славеничката торта.
Во последното тромесечие од 2023 година имав многу јавни настапи со што интересот за работата на Комората порасна со огромен исчекор нанапред. Трендот ќе продолжи и оваа година. Овој месец премиерската позиција ќе ја напушти согласно пржинскиот договор и досегашниот премиер Димитар Ковачевски во чиј мандат имавме интензивни комуникации и контакти, но, и многу различни гледишта околу актуелните економски случувања. Можеби за прв пат се создаде атмосфера да може секој да го искаже своето мислење до крај, што е чекор напред во градењето на односите меѓу јавниот и приватниот сектор.
Убаво е чувството кога со дел од коморскиот кадар, сега веќе пензионери (Белинда Миновска), со насмевка и ведрина може да се споделат моменти по долги години поминати заедничка соработка.
На крајот на минатата година, тешки дискусии се водеа и со министерот за економија Крешник Бектеши, но и во тоа имало моменти на опуштено однесување, заедно со директорите на Еуротабак и ЛИОН од Свети Николе.
https://www.mchamber.mk/mk/news/index/403

## 29.01.2024

## ОДЛУКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКА КОМОРА, БРАНКО АЗЕСКИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ХАБ ЗА ЦИРКУЛАРНА И ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА



Тргнувајќи од фактот што целиот Балкански регион се соочува со слични предизвици во делот на исполнување на барањата, регулативите и стандардите во областа на циркуларната економија и заштитата на животната средина како предуслов за целосно интегрирање кон заедничкиот ЕУ пазар и тргнувајќи од адресираните потреби на бизнис секторот во регионот за зелена трансформација преку воведување на нови иновативни технологии и паметно користење на ресурсите и ре-употреба на материјалите преку воведување на концептот на циркулартната економија, како претседател на Стопанската комора на Северна Македонија и воедно претседател на Асоцијацијата на Балкански комори предлагам формирање на иницијативен одбор за регистрирање на регионален хаб за циркуларна и зелена економија. Членови на иницијативниот одбро се: Бранко Азески претседател на СКСМ и Асоцијацијата на Балкански комори (АБЦ), и потпретседател на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), Претседателите на сите комори членки на Асоцијацијата на Балкански комори (АБЦ) и Коморскиот инвестициски форум (КИФ), проф. д-р Дарко Лазаров претседател на Клубот на

извозници при СКСМ, проф. д-р Дејан Мираковски  ректор на УГД, Марија Дуковска Павловска  генерален директор на Макстил АД Скопје, Никола Цветковски  генерален директор на Бонивес  Скопје, проф. д-р Наташа Петровиќ  Факултет организациски науки при Универзитетот во Белград и Кристина Кузеска  здружение за енергетика при СКСМ. Задачата на овој иницијативен одбор е да изработи концепт и предлог програма за работа и да создаде правни услови за регистирање на регионален хаб за циркуларна и зелена економија. Регионалниот хаб за циркуларна и зелена економија треба да се издигне како водечка регионална институција чија цел ќе биде изработка на стратешки регионални документи и регионално поврзување и вмрежување на бизнис секторот и науката во областа на циркуларната и зелената економија, обезбедување на техничка и стручна поддршка во процесот на имплементирање на модерни концепти на циркуларната економија во бизнисот, подготовка на компаниите за целосно усогласување со барањата и стандардите на ЕУ пазарот во делот на заштита на животната средина и имплементирањето на еколошки практики, како и трансформација на регионалните економии со цел побрзо интегрирање кон ЕУ.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/409

## 30.01.2024

## Соработка академија - бизнис: клуч за зголемена конкурентност преку воведување на концепт на зелена и циркуларна економија




И после 10 години Стопанската комора останува на патот да претставува мост помеѓу образованието и бизнисот, за што потврда се и активностите кои ги реализираме овие денови во насока на беспрекорно функционирање на врската за обезбедување стручен кадар за потребите на стопанството, посочи претседателот на Стопанска комора Бранко Азески, на прес конференција со проф. д-р Дејан Мираковски, ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип. Целта на пресот беше промоција на проектот “Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука-бизнис“ што во рамки на програмата на министерство за економија за колаборативни проекти во делот на имплементација на паметната специјализација, дигитална и зелена трансформација на индустријата на кој аплцираше УГД, а Комората е партнер во истиот. Ние како Комора вели Азески работиме активно на обединување и ставање во функција на сите чинители во државата, особено поинтензивно поврзување со науката со цел да испорачаме конкретна поддршка за нашите компании во нивните напори за воведување на нови технологии, иновации и зелена транзиција како основа за поголема конкурентност на Европскиот пазар. Преку овој проект ќе им овозможиме на нашите компании да ги користат лабараториите и истражувачката инфраструктура на Универзитетот во делот на циркуларна економија и зелена екомомија и да користат научна и стручна експертиза во делот на исполнување на меѓународните стандарди за заштита на животната средина и зелената трансформација.  Истовремено, преку конкретни примери успешно го илустрираме капацитетот и посветеноста на Комората да биде

вистински сервис на нашите компании и поддршка во развојот на нивните бизниси. Во изминатиот период обезбедивме техничка поддршка за финансирање на инвестициски проекти на повеќе компании, работиме со компаниите во делот на зголемување на нивниот извоз на нови пазари и воведување на нови дигитални решенија во нивното работење. Сега почнуваме со поддршка на компаниите во делот на воведување на концептот на циркуларна економија преку креирање на нови иновативни производи со ре-употреба на материјали и имплементирање на меѓународни еколошки стандарди за заштита на животната средина. Ние во Комората секогаш сме визионери и секогаш ги предвидуваме идните трендови и процесите во бизнисот и затоа нашата цел во наредниот период во еден дел секако ќе бидат прашањата поврзани со циркуларната економија и зелена транзиција како важни аспекти на бизнисот, посочи претседателот на СКСМ. Целта на проектот е градење на платформа за долгорочна соработка помеѓу науката и бизнисот во делот на развивање и примена на нови научно засновани концепти и решенија на циркуларна и зелена економија во рамки на македонската индустрија, вели ректорот на УГД Штип, проф д-р. Мираковски.  Во рамки на проектот како што информираше, предвидено е креирање на дигитална платформа базирана на два меѓусебни поврзани центри: Бизнис центар за циркуларна економија и Научно-истражувачки центар за циркуларна и зелена економија. Нашата крајна цел како наука заедно со бизнисот е да придонесеме кон градење на подобра и поквалитетна средина за сите граѓани во земјата преку истовремено развивање на индустријата и заштита на животната средина. Тоа можеме да го постигнеме заедно и обединето сите чинители и токму овој проект поддржан од страна на државата е конкретен пример за тоа, истакна ректорот.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/411

## 31.01.2024
## Комората одржа средба со ректорите во насоки за соработка на бизнис секторот со науката во интерес на зголемување на конкурентноста на македонската економија



Еден од главните приоритети на Комората е да предлага мерки и наоѓа начини како да го унапреди работењето на компаниите и да обезбеди подобро бизнис опкружување во интерес на зголемена конкурентност на македонската економија и на самите компании. Во таа насока, денес претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, одржа средба со ректорката на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова придружувана од проректорите при универзитетот, ректорот при УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, проректорот при УГД, проф. д-р Дарко Лазаров, ректорот при УКЛО, проф. д-р Игор Неделковски и ректорот при УЈИЕ, акад. проф. д-р Абдулменаф Беџети. Во изминатиот период преку конкретни чекори и активности, заложбите на Комората е да се воспостават механизми со државните Универзитети, да се работи на градење платформа и програма за заедничка соработка со цел науката да се стави во функција на бизнисот и развојот на македонската економија. „Комората активно работи на обединување на сите чинители во државата, особено на поинтензивно поврзување со науката со цел да испорача конкретна поддршка за компаниите во

нивните напори за воведување на нови технологии, иновации и зелена транзиција како основа за поголема конкурентност. Комората во минатото има добро искуство на соработка со универзитетите што е неопходно да се надгради и интензивира.  Преку градење и унапредување на соработката со Универзитетите ќе им се овозможи на нашите компании да ги искористат капацитетите на истражувачката дејност на Универзитетите во делот на имплементирање на еколошките стандарди, циркуларна и зелена екомомија и да користат научна и стручна експертиза во делот на исполнување на меѓународните стандарди за заштита на животната средина и зелената трансформација‟, порача претседателот Азески. Македонската економија, а пред сѐ индустријата поминува низ една фаза на сериозни предизвици поради глобалните текови, но и поради потребата за преструктурирање и јакнење на конкурентноста во процесот на целосно интегрирање кон единствениот ЕУ пазар. Ректорите при универзитетите ја искажаа потребата од унапредување на соработка со стопанството во насока на искористување на потенцијалот за активности во развој и инвестиции, имплементација на еколошки стандарди, јакнење на регионалната соработка, стварање кадри и остварување соодветни пракси за потребите на реалниот сектор.  Понатаму, потенцијал за соработка се идентификува и во арбитражниот процес особено ако се има во предвид фактот дека најголемиот број на арбитри кои постапуваат во постапките пред Постојаниот избран суд Арбитража при Комората доаѓаат од професорскиот кадар на универзитетите. Во следниот период, универзитетите и Комората, активно ќе работат на мапирање на постојните истражувачки и научни капацитети, со цел истите да се искористат и да се стават во функција на бизнисот.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/412

## 09.02.2024
## Азески на консултации кај компаниите за платформата за разговори со политичките партии



Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески денеска беше во посета на фабриката ПИ „Свислион‟ ДОО Скопје. Оваа посета беше дел од неговиот ангажман за консултации со компаниите за платформата за разговори со политичките партии пред изборниот процес. Во разговорот со генералниот директор на компанијата Александар Јањиќ, Азески ја истакна важноста на усвојување на платформа за дијалог со политичките партии, каде бизнис секторот ќе има можност да ги изрази своите ставови и приоритети за подобрување на економската клима во земјата. Осврнувајќи се на некои од најсериозните предизвици пред кои стои државата, на состанокот беа дефинирани неколку приоритети. Мора да почне процесот на нормализирање во образованието, работата на државната администрацијата, правосудството и здравството кои се носители на основните функции на државата. На состанокот беше оценето дека државниот сектор треба да биде менаџиран исто како и приватниот и во делот на финансиите и во делот на кадровските политики.  Во разговорот беше истакната важноста од зајакнување на капацитетите на институциите и инспекциските служби и еднаква примена на законите за сите субјекти во државата. Дел од пораките беа насочени и кон мерките, како што е зголемување на минималната плата, која како политичка одлука создава притисок во работењето на компаниите и ја намалува нивната конкурентност. Излезот од ваквата состојба компаниите го

гледаат во автоматизација на процесите и намалување на бројот на вработени, што пак од друга страна повлекува намален прилив во државните фондови за пензиско и за здравствено осигурување. Зборувајќи за работењето на „Свислион Агроплод ДООЕЛ Ресен", каде 80% од граѓаните од тој град се вработени во фабриката, Јањиќ ја истакна важноста на регионалниот развој и зголемувањето на инвестициите како два важни аспекти за поголем економски раст во земјата. Од состанокот беше испратена и порака до учесниците во изборниот процес, да го земат предвид апелот на бизнисот, кој е единствената кохезиона структура во државата. Компанијата ПИ СВИССЛИОН ДОО е извозно ориентирана компанија, со извоз од 65% од производството. Брои 450 вработени, 300 во Ресен и 150 во Скопје. Двете фабрики, СВИССЛИОН АГРОПЛОД подружница Скопје и СВИССЛИОН АГРОПЛОД Ресен, работат по SL технологијата, која е симбол и гаранција за врвен квалитет, тоа е модерна и автоматизирана технологија за производство на природна и здрава храна со контролирано потекло на суровините, која резултира во квалитетни производи со совршен вкус.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/416

## 14.02.2024

## Азески на консултации кај компаниите-Бизнисот бара членство во Европската економска заедница



Македонските компании бараат државата да стане членка на Европската економска заедница за да се отвори заедничкиот европски пазар кој нуди безброј можности за раст и проширување на бизнисот, што ќе повлече и напредок на македонската економија во целост. Ова прашање беше отворено на работната средба меѓу претседателот на Стопанската комора Бранко Азески и извршниот директор на компанијата „Лион" Ристе Ристевски при посетата на фабриката во Свети Николе. На состанок, кој беше организиран во рамки на координативните средби и консултации што Азески ги има со компаниите за платформата за разговори со политичките партии пред изборниот процес, беше истакнато дека компаниите во моментов имаат побарувања за извоз, но поради многубројните административни бариери не можат да ги испорачаат сите свои производи на европскиот пазар. Од тие причини Комората веќе има преземено активности кои се усвоени на Собранието на СКСМ, а се во насока на заедничко дејствување со останатите шест Стопански комори од регионот. Креаторите на политиките во државата треба сериозно да го земат предвид економското и пазарното учество во Европската Унија преку членството во Европската економска заедница. Тоа на компаниите ќе им овозможува бројни предности. Заедничкиот пазар овозможува пристап до големата база на потрошувачи, што значи поголема продажба на производите и услугите што ги нудат. Од друга страна тоа ќе придонесе кон зголемување на компетитивноста на секторите и учество во различни европски фондови. На состанокот стана збор и за активностите на Националниот совет за извоз, кој е формиран од Стопанската комора како главен механизам за јавен-приватен дијалог каде ќе се третираат сите прашања поврзани со извозот. Двајцата

соговорници ја истакнаа и потребата од владеење на правото во државата, намалување на непродуктивните трошоци од централниот буџет, како и поголема реализација на капиталните расходи. Компанијата „Лион" од Свети Николе произведува квалитетни кондиторски производи, кои 70% се извезуваат во регионот, во Европа, Блискиот исток и Медитеранот. Компанијата вработува 160 работници, од кои половина се инвалидни лица.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/420

## 17.02.2024
## Време е за темелни, стратешки промени на досегашниот модел за економскиот развој



Дојдено е време за промена на досегашниот модел на економски развој. На земјава и е потребна модерна реиндустријализација, структурна трансформација на извозот, намалување на учеството на сивата економија, но и општествен консензус за економски реформи, политики и мерки. Ова се едни од клучните пораки што беа пренесени од бизнис заедницата на денешната трибина и промоција на книгата „Стратешки документи на комората" чии автори се Бранко Азески, претседател на Стопанската комора и проф. д-р Дарко Лазаров, професор на Економски факултет, УГД Штип и претседател на клубот на извозници при СКСМ. На трибината, претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, се осврна на четирите стратешки докумети на кои се базира книгата: 1) Време е за промена на досегашниот модел на економски развој; 2) Модерна реиндустријализација и структурна трансформација на извозот како фундаментални процеси во забрзување на растот на македонската економија; 3) "Сивиот дел" на македонската економија: големина, импликации, решенија; 4) Декларација за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки. Тој потенцираше дека токму овие докумети, изготвени и презентирани од страна на комората во изминатите години, се патоказ и основа на која треба да почива идниот развој на македонската економија. Важно е креаторите на политиките во државата да сфатат дека политиката е таа која треба да го следи бизнисот, а не бизнисот политиката. Учесниците на трибината, дел од ко-авторите на книгата и долгогодишни соработници на Комората, потенцираа дека реформи во државата се неопходни но за жал ги нема, главно поради немање политичка волја и поддршка, но и поради слабиот квалитет и капацитет на администрацијата за спроведување на потребните реформи. Бизнис секторот уште еднаш потсети дека и домашните комапнии имаат капацитет, знаење и долгогодишно работно искуство, но им недостасува поголема поддршка. Економијата не може да се развива ако сите капитални проекти ги работат странски фирми, затоа е потребно да се води повеќе сметка за ангажманот на домашните компании. Апелираат дека е крајно време некој да го препознае нивниот напор, Македонија да стане земја препознатлива по вредните и квалификуваните работници кои произведуваат работи со додадена вредност. Стопанствениците апелираат во периодот што следи фокусот на идната Влада да биде економијата. Првично мора да се реши проблемот со сивата економија и работата на црно. Подобрување на патната инфраструктура и инвестиции во енергетиката мора да бидат приоритет за следните

10 години. Но и државата да ги намали парафискалните давачки кои на компаниите им прават дополнителен притисок во задржување на ликвидноста. Беше заклучено дека е потребно сите чинители на политиките да ги прочитаат овие стратешки документи со коишто се предлагаат рационални но и остварливи решенија. Институционалниот капацитет и потенцијалот кој го поседува комората може да биде ставен во функција на бизнисот и на развојот на македонската економија, што треба да биде сврзно ткиво околу кое ќе се обединат сите чинители во државата (академијата, бизнисот, државата и граѓанскиот сектор) за повисоки стапки на раст и развој во иднина. На трибината учествуваа и студенти од Економскиот факултет при УГД - Штип, на којашто имаа можност да ги слушнат согледувањата на бизнис секторот за моменталните и идни состојби во бизнисот и македонската економија. Бизнисот едногласно посочи дека младите луѓе треба да бидат моторот на идниот развој на државата и дека тие се целосно подготвени да соработуваат со Универзитетите со цел младите луѓе да стекнат практични вештини и претприемничко знаење кое подоцна ќе го искористат за вработување во приватниот сектор но и за отворање на сопствени бизнисот.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/422

## 20.02.2024

## Азески именуван за придружен член на Европскиот економски и социјален комитет за 2024 година

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески е именуван како придружен член на Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) за 2024 година, во рамки на иницијативата на Европскиот економски и социјален комитет за вклучување на претставници од земјите-кандидати за членство во ЕУ во структурата на организацијата. Преку иницијативата за вклучување на претставници од земјите членки кои сеуште не се членки на ЕУ во својата структура, ЕЕСК е првата институција на ЕУ која на земјите кандидати им понуди специфична можност за вклучување и учество, која е предвидена како една од целите на Новиот план за раст на Западен Балкан, за инклузивна интеграција на економиите од Западен Балкан кон ЕУ. Во текот на 2024 година, како дел од Европскиот економски и социјален комитет, Азески ќе има можност да учествува во целиот процес на изготвување на мислења на ЕЕСК (учество во студиски групи, учество на состаноци на секциите и пленарни сесии, со што се заокружува процесот на ЕЕСК за изготвување на мислење) и да обезбедува придонес во процесот на изготвување на голем број избрани мислења на ЕЕСК (легислативи, истражувачки или мислења со сопствена иницијатива) за теми каде нивното учество е особено важно, како што се важни законодавни мислења поврзани со проширувањето, мислења за прашања од паневропска и глобална важност и водечки мислења на ЕЕСК од општа природа. Активното вклучување на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија директно во работата на органите и телата на Европската Унија е во насока на остварување на зацртаните цели на Комората да обезбедува советодавна поддршка и насоченост на македонските компании во процесот на пристапување кон ЕУ, и остварување на визијата на Комората на иднината, во функција на членките.
Што е Европскиот економски и социјален комитет?
ЕЕСК е составен дел на ЕУ, формиран во 1957 година со Договорот од Рим, како советодавно тело на Унијата, кое има за цел граѓанските организации, невладиниот и приватниот сектор на европско ниво да имаат активно учество во развојот на ЕУ. ЕЕСК е единствен форум за консултации, дијалог и консензус помеѓу претставниците од сите сектори на организираното граѓанско општество. Целта на ЕЕСК е да помогне

да се осигура дека креирањето политики и законодавството на ЕУ се подемократски и поефикасни и вистински ги одразува потребите на граѓаните и бизнисите од ЕУ. Значителен број иницијативи на ЕУ за законодавство мора да се доставаат до ЕЕСК за задолжително мислење пред нивното усвојување.
Со седиште во Брисел, ЕЕСК е составена од 329 членови од сите 27 земји-членки на ЕУ, кои претставуваат здруженија на работодавачи, индустрија, стопански комори, здруженија на мали и средни претпријатија (МСП), синдикати, потрошувачи, земјоделци, либерални професии, борци за попреченост, академија, групи за правата на жените, екологисти, задруги, младински организации, организации за човекови права итн. Севкупно, ЕЕСК обединува околу 250 организации и мрежи на национално ниво, кои претставуваат милиони граѓани на ЕУ. ЕЕСК е составена од три групи: Група на работодавачи, Група на работници, и Група на граѓански организации.
https://www.mchamber.mk/mk/news/index/427

## 22.02.2024

## Азески во Брисел на средба со Жорж-Луи Бушез



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија кој годинава е и претседател на Асоцијацијата на балкански комори (АБК), Бранко Азески во Брисел имаше работен ручек со Жорж-Луи Бушез, претседател на владејачката партија Реформистичко движење (Mouvement reacute; formateur-MR). Средбата се одржа во седиштето на партијата, каде присуствуваше и Марија Кумбароска, претставникот на Стопанската комора во Брисел. На средбата се разговараше за неколку прашања, вклучувајќи ги и моменталните односи помеѓу Белгија како претседавач на Европската Унија и Балканските земји. Се констатира дека за бизнисите на двете страни е битно да се помогне на Асоцијацијата на балкански комори во земјоделието и во судството, за да не се изгуби драгоцено време во подготовките за отпочнувањето на преговорите.  Договорено е и организирање на средба помеѓу американските бизнисмени со потекло од Македонија и Бизнис советот на Балканскиот коморски инвестициски форум во Брисел во јуни, која ќе стане традиционален настан. Исто така, утврдена е соработка на инвеститорите од Бенелукс и Балканот. Претседателот на Стопанската комора Азески му посака голем успех на претстојните федерални избори во Белгија и го покани да ја посети Македонија. На фотографиите од средбата се забележува зградата на Палатата на правдата во Брисел од 19 век, најголема во светот, која можеби ќе биде симболот на соработката помеѓу двата региона и во спортот бидејќи г. Бушез има свој фудбалски клуб.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/430

25.03.2024

## ГОЛЕМИОТ ДОГОВОР ЗА ВНАТРЕШНО ОБЕДИНУВАЊЕ



Економијата да биде врвен приоритет во наредните 10 години, да се намали бројот на сегашните 1354 институции, да се прогласи мораториум за нови вработувања во јавниот сектор и да се сведат на минимум непродуктивните буџетски трошења; Просечна стапка на економски раст помала од 2% во периодот од 1992 година до денес. Стапка на раст која е убедливо најниска споредено со сите земји од поширокиот регион. РАЗОЧАРУВАЊЕ! Континуиран раст на задолжувањето на државата во целиот изминат период. Јавниот долг во 2023 година достигна 58% од БДП со тенденција тој да продолжи да расте во наредниот период. УШТЕ ЕДНО РАЗОЧАРУВАЊЕ! И УШТЕ МНОГУ ДРУГИ РАЗОЧАРУВАЊА ВО ЕКОНОМИЈАТА КОИ МОЖЕМЕ ДА ГИ КОНСТАТИРАМЕ ВО ИЗМИНАТИТЕ 32 ГОДИНИ ОД НАШАТА НЕЗАВИСНОСТ. Во 2010 година Стопанската комора како најголема бизнис асоцијација направи обид да ја промени ситуацијата во македонската економија преку изработка на конкретен план за економски развој кој беше понуден од наша страна. За жал, политичките елити во овие 14 години од 2010 година наваму наместо да го прифатат тој план на бизнисот со цел поголем економски прогрес, тотално ја партизираа државата. Комората во овие 14 години работеше на дополнително надградување и засилување на својата институционална инфраструктура, објаснување на својата намера и дополнителна аргументација на своите развојни концепти, со цел да создаде атмосфера за прифаќање на еден нов голем договор за економски развој во кој нема место за партизација, за етничка фрагментација, ниту за политички популизам. На тој начин правиме уште еден обид да им укажеме на сите чинители во државата дека ова е последната шанса за фаќање приклучок со развиениот свет. За таа цел, Комората на 100 годишнината од своето постоење на 14.7.2022 година донесе Декларација преку која на јавноста и понуди платформа за постигнување на широк општествен консензус за клучните економски реформи, политики и мерки. Оваа Декларација беше потпишана од повеќе од 350 големи, средни и мали компании, МАНУ, речиси сите државни универзитети, голем број на бизнис асоцијации, здруженија и граѓански организации и политички партии. Денес во медиумите ќе сретнеме многу натписи кои на различни начини ја толкуваат оваа голема идеја. Дали тоа треба да е нов рамковен договор, дали тоа треба да е договор за нов економски развој или пак сеопфатна платформа за промена на нашиот менталитет. Како иницијатори на овој концепт за општествено обединување со цел економски напредок на земјата можеме да кажеме само едно. Ние ја гледаме големата слика и за нас е важно во неа да преовладуваат државните, а не партиските интереси. Потврда за тоа се сите разговори што ги направивме со голем број на наши интелектуалци, истакнати бизнисмени и членки на Комората кои јасно посочуваат дека бизнисот треба да биде главен кохезивен фактор за економскиот развој на земјата и дека политичките елити конечно треба да се насочат кон економијата како главен приоритет. Но, да одиме по ред. Поранешниот премиер Хари Костов на 14.8.2021 година на денот на одбележувањето на 20 годишнината од рамковниот договор во Охрид го скрши мразот и јавно обзнани дека на земја ѝ е потребен нов договор за економски реформи, политики и мерки кои треба да се спроведуваат во наредните најмалку 10-ина години и тоа да биде остварено во соработка со бизнисот

и со науката. Јас лично во сите мои настапи го повторувам истото укажувајќи дека е време да ги обединиме нашите сили и да работиме заедно, било како компании, универзитети, академска заедница, или политички партии. И не само што го потенцирам и јавно укажувам на тоа, туку многу поважно како претседател на Комората активно и посветено работат на тој процес на обединување. Проректорот на Универзитетот "Гоце Делчев" Штип, проф. д-р Дарко Лазаров, во нашата заедничка книга "Нов договор за економски развој" што ќе биде јавно промовирана неделава потврдува дека економскиот развој и одржливиот економски напредок е резултат на многу комплексни процеси и системски реформи кои подразбираат координирано и заедничко дејствување на сите чинители, тргнувајќи од креаторите на политики, бизнис-секторот, академијата и граѓанскиот сектор. На крај сакам да порачам дека не треба да се доведеме во ситуација "од гранките да не можеме да ја видиме шумата", што значи дека треба да се издигнеме над ситуацијата и да не играме игри или криенка со зборови.  Напротив, потребно е да се зафатиме со суштината и со реалноста која подразбира враќање на правната држава и владеење на правото; почитување на темелните вредности и принципи на пазарната економија; запирање на непродуктивните и популистички трошења на буџетските пари; зголемување на продуктивноста, конкурентноста и додадената вредност во економијата; како и завршување на процесот на гасификација како клучен инфраструктурен приоритет во интерес на граѓаните и бизнисот. Сите ме прашуваат која е гаранцијата дека ова ќе биде остварено? Јас велам, доста ни беше популизам, лажно партнерство и партизација. Сега најчестите зборови ќе бидат градење на платформа со сите субјекти кои и сакаат добро на оваа држава, партнерски и фер односи со владата и јасно прокламираната алтернатива дека ако не дојде до реализација на овие цели ќе се повика меѓународниот фактор да се вклучи активно во решавање на застојот во нашиот развој и ќе се принуди компаниите и бизнисот да бараат сопствени решенија кои ќе бидат во нивни интерес. П.С. ОВАА ЗНАЧАЈНА ПОРАКА НЕДЕЛАВА ЌЕ БИДЕ СООПШТЕНА НА ГЛАВНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ПРИ НИВНИТЕ ПОСЕТИ НА КОМОРАТА, А ВО ПЕТОК, ВО 5 МИНУТИ ДО 12 ЧАСОТ, ВО КОМОРАТА ЌЕ БИДЕ ПРОМОВИРАНА КНИГАТА "НОВ ДОГОВОР ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ".

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/435

## 28.03.2024
## Награда и признание за Азески од Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип"



Во знак на признание и благодарност за неговиот значаен придонес и соработка со Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески доби благодарница и награда од страна на Универзитетот. Оваа почесна награда му беше врачена од ректорот проф. д-р Дејан Мираковски, по повод 27 март-патронат на УГД за 2024 година. Наградата е знак за благодарност за неговиот важен придонес во областа на економијата и неговата активна соработка со образовната институција, како и напорите на Азески за поврзување на образованието и науката со бизнис секторот. 17 години од основањето Универзитетот „Гоце Делчев"  Штип го одбележа со свечена академија како централен настан. Традиционално, внимание на овој настан им беше посветен на студентите со најдобар успех, како и на институциите со

кои УГД има одлична соработка и заеднички придонесуваат за развојот на нашето општество. Во фокусот на годинашното одбележување на патрониот празник на УГД беше прашањето Што треба да значи еден универзитет за општеството во кое делува? УГД е универзитет кој во своето 17-годишно постоење се стреми кон воведување и развој на нови технологии, учество во научноистражувачките текови на светско ниво, креирање иновации, пренос на знаење на студентите и грижа за вработените.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/450

## 28.03.2024

## Бараме 10 години економија во програмата на Владата –Стопанската комора на средба со ВМРО-ДПМНЕ



Бизнисот е тој фактор кој може да обезбеди подобра иднина на Македонија, особено подобра иднина за младите. И затоа, ние како бизнис заедница, а особено како Стопанска комора, очекуваме од идната Влада во следните 10 години да стави акцент на економијата, рече претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески на средба со делегација од ВМРО-ДПМНЕ предводена од претседателот на партијата, Христијан Мицкоски. „Ако не обезбедиме консензус за враќање на правната држава, за борба против корупцијата и за намалување на администрацијата нема да биде можен економски развој. Ние ќе ја охрабруваме идната влада да има таква бескомпромисна политика. Не сакаме да бидат само потврдувани разните желботеки кои се повторуваат на секои четири години, туку бизнис заедницата сака професионален однос и контакт бидејќи се работи за економија, за конкретни пари, затоа владата мора да биде внимателна во работата и да не глуми водење економија зашто тоа создава негативни парични ефекти. Од каде да се почне? Мора од образованието, но тоа дава резултати дури по 10-15 години. Затоа во моментов е битно да се тргне од самата черга, колку пари има од тоа да се започне. За да не се задолжуваме и долгот да им се остави на младите", рече Азески. На средбата, на која беше презентирана економската изборна програма на партијата, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски оцени дека соработката со Стопанската комора била исклучително квалитетна и нагласи дека идната влада ќе го слуша гласот на бизнисот, но и неговите поплаки. Во изјавите пред новинарите Мицкоски рече дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде исклучително внимателна дури и конзервативна кога станува збор за давање на ветувања, особено во делот на економијата на која, како што кажа, ќе биде ставен акцент. „Претседателот на комората Бранко Азески спомена дека ние политичарите правиме список на желби, а најчесто потоа не ги реализираме. Но ние имаме внимателен пристап, имаме проекција како ќе се одвива буџетот во наредните четири години и со колкав фискален простор може да се располага. Како идна Влада со овој внимателен пристап, со одлучна борба против криминалот и корупцијата, со применливи и остварливи мерки во економијата, со голем фокус врз образованието и пазарот на труд, обезбедување на основни услови за да можат нашите граѓани да веруваат во системот, ќе го оствариме она кое што го предвидовме и за кое што разговаравме со претседателот Азески и со неговите соработници. Тоа е Македонија да има еден динамичен раст, а така ќе ја вратиме

довербата на граѓаните и зошто да не и на оние кои што се разочараа и заминаа. Да се обидеме да ги вратиме назад", рече Мицкоски. На средбата од страна на Комората беа презентирани очекувањата што бизнисот ги има од идната Владата. Претставниците, пак, на ВМРО-ДПМНЕ детално ги презентираат мерките од сферата на економијата и на финансиите, ставени во изборната програма. Освен со ВМРО-ДПМНЕ, Комората ќе има слични средби и со останатите политички партии.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/451

## 29.03.2024

## Државата мора да троши колку ѝ е „долга чергата"- Стопанската комора на средба со ДУИ



Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески и членовите на Управниот одбор на Комората одржаа работна средба со претставници на политичката партија ДУИ, предводени од Крешник Бектеши, Фатмир Бесими и Артан Груби. Борбата против корупцијата и криминалот, рационално трошење на буџетските средства, завршување на процесот на гасификација, директна поддршка на извозните активности, одговорност и транспарентност во трошењата на средствата за јавни набавки, се приоритетните области кои стопанствениците ги издвоија како клучните за бизнис секторот, а кои иднините креатори на политиките треба да ги имаат предвид. Азески во изјавата пред медиумите уште еднаш укажа дека државата мора да троши онолку колку е „долга чергата", односно колку пари има во буџетот. „Да видиме колку можеме да прибереме средства во буџетот, а колку трошиме зашто и дома и во фирмите, а и во државата, ист е принципот", изјави Азески. Тој потенцираше дека има застој во издавањето на градежните дозволи. Според него, дозволите за инвестициска активност на фирмите и на граѓаните мора да имаат приоритет.  „За стопанството е клучна предвидливоста. Предвидливоста може да гарантира зголемување на инвестициите и поголем број вработувања. Сфативме една лекција како бизнис низ овој процес, дека можеш да направиш што сакаш, можеш да изградиш во бизнисот што си замислил, но ако немаш владеење на правото во една држава, ако немаш пазарни принципи на вредности кон кои тежнееме, врзани за евроатлантските интеграции, не можеш да направиш ниеден отсто раст на БДП", изјави Азески.  На средбата, од страна на претставниците на ДУИ беше најавен рамковен договор во делот на економијата. Во име на партијата изјава за медиумите даде Крешник Бектеши. „Рамковниот договор во делот на економијата значи дека генерално сите политички партии кои ќе се приклучат кон ДУИ во наредниот период приоритет над приоритетите е да го имаат економскиот развој, а воедно и животниот стандард на граѓаните и во делот на интеграцијата на нашата држава, а воедно и внатрешно во делот на одредени области кои се најважни, а тие се базираат на три главни столба. Тоа е интегрирана економија, отворена економија, македонска економија, праведна економија во делот на легислативата и во делот на

начинот како тоа се контролира согласно сите практики и директиви кои произлегуваат од ЕУ како што се антимонополските политики, како што се антидискриминаторските политики и други работи кои се предвидени во тој столб. И третиот столб е зелена економија во делот на транзицијата, посебно во енергетскиот сектор", рече Бектеши.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/456

## 01.04.2024
## Промовирана книгата „Нов договор за економски развој" на Бранко Азески и Дарко Лазаров




„Нов договор за економски развој" е новата книга зад која стојат авторите претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески и универзитетскиот професор Дарко Лазаров, што беше промовирана во Комората. Книгата повикува на постигнување широк општествен консензус на сите чинителе во државата, тргнувајќи од академската заедница, бизнис-секторот, универзитетите, медиумите и граѓанскиот сектор, и внатрешно обединување околу врвните развојни приоритети на државата во наредните 10 години. Декларацијата за економски реформи, политики и мерки што Комората ја усвои со силна поддршка од голем број на субјекти е основата за градење на еден нов договор за економски развој што треба да испорача поголем економски напредок на земјата во наредните 10 години, изјави Претседателот Азески како еден од авторите на книгата. Во првиот дел од книгата се систематизирани сите предлози, барања и иницијативи што Комората ги има доставено и афирмирано во јавноста и до соодветните институции во изминатиот период и анализа колку од тие барања, иницијативи и предлози биле прифатени. Дополнително, во книгата е направена симулација што ќе се случеше со македонската економија ако сите тие биле имплементирани и целосно реализирани. Комората заедно со своите компании-членки, како и со своите внатрешни и надворешни соработници во изминатиот период покажа дека има кадровски и институционален капацитет да биде предводник на визионерски идеи и тоа го докажа со стратешките документи кои ги промовираше неодамна, посочи Азески. Вториот дел од книгата ја наметнува потребата од креирање на нов модел на економски развој кој ќе има капацитет да испорача значително повисоки стапки на економски раст. Новиот модел на економски развој што го предлага Комората и ко-авторите на книгата е базиран на 5 фундаментални постулати, посочи Лазаров. Лазаров детално ги елаборираше клучните елементи на кои почива новиот модел на економски развој што го нуди Стопанската комора и ко-авторите на книгата. Имено, првиот столб кој се однесува на заокружување на базичните принципи на пазарната економија и јакнење на институционалните капацитети на државата содржи неколку предлози и иницијативи: 1) Јакнење на правосудниот систем со цел владеење на правото и неселективно почитување на законите, 2) Обезбедување на стабилен и предвидлив деловен амбиент што подразбира задолжителна консултација на бизнисот при носењето на законите, воведување и целосно почитување на даночен календар, како и намалување на парафискалните давачки. 3) Јакнење на независноста на регулаторните тела со цел поголема доверба во институциите и целосно почитување на пазарните принципи. 4) Борба со сивата економија и со корупцијата на сите нивоа

со цел фер конкуренција и еднакви можности за сите. 5) Професионализација на јавната администрација и дигитализација на јавниот сектор со цел обезбедување на побрзи и поквалитетни јавни услуги за бизнисот, поедноставување на институционалните процедури и намалување на административните бариери. Вториот столб се однесува на инвестиции во иновации и човечки капитал, при што, истиот ги содржи следните барања и предлози: 1) Значитечно да се зголеми буџетот на државата за образование со цел подобрување на образовната инфраструктура и квалитетот на образовниот систем. 2) Да се формира фонд за наука и истаржувања со цел подобрување на истражувачкиот капацитет на државните универзитети. 3) Да продолжат инвестициите во средното стручно образование и да се воведе дуалниот концепт во високото образование. 4) Да се воведат нови, иновативни програми за поддршка на младиот кадар. За таа цел предлагаме воведување на програмата „Мое прво вработување". 5) Да се забрза имплементацијата на стратегијата за паметна специјализација со цел градење платформа за соработка меѓу науката и индустријата. Третиот столб се однесува на развиена и функционална инфраструктура и ги вклучува: 1) Воведување на законска одредба за минимален праг на учество на капиталните расходи во централниот буџет, тој праг би требало да биде 14-15 % од буџетот. 2) Изготвување национална стратегија за инвестиции во инфраструктурата за период од 10 години. Истовремено, да се формира национално тело за следење на реализацијата на капиталните проекти во согласност со стратегијата. 3) Ангажирање професионални проектни менаџери надвор од јавната администрација за реализирање на капитални проекти. 4) Забрзување на процедурите за издавање градежни дозволи за инвестиции на бизнисот во производствени и во индустриски капацитети. 5) Интензивирање на процесот на децентрализација со цел обезбедување рамномерен економски и локален развој низ целата држава. Четвртиот столб се однесува на модерна индустрија и конкурентен извозен сектор и ги содржи следните предлог политики и решенија: 1) Надградување на законот за финансиска поддршка на инвестициите со цел обезбедување значително поголема поддршка за производните и за извозните компании за инвестиции во форма на нови машини, опрема, технологии и производни линии. 2) Спојување на асипи со дтирз во агенција за странски инвестиции со нова методологија базирана на обезбедување поголема домашна додадена вредност на извозот. 3) Формирање национална агенција за промоција на извозот во форма на јавно приватно партнерство, која ќе биде целосно посветена на домашните извозни компании во делот на нивната поголема промоција на странските пазари. 4) Целосно усогласување на царинскиот систем со цел поголема конкурентност на извозниот сектор. 5) Туризмот да се третира како значајна извозна гранка, за таа цел, предлагаме да се формира национален совет за туризам. На крај, петтиот столб се однесува на ЕУ-интеграциите и регионалната соработка и ги вклучува следните предлози: 1) Интензивирање на процесот на преговори за зачленување на земјата во еу преку зајакнување на преговарачките тимови на државата и преку вклучување на бизнис-заедницата во тој процес. 2) Јакнење на институционалните капацитети со цел поголемо искористување на можностите и на фондовите што ги нуди еу. 3) Интензивирање на регионалната соработка со земјите од Западен Балкан со цел поголема инфраструктурна поврзаност, олеснување на протокот на стоки, услуги, луѓе и на капитал, како и интензивирање на трговската и на бизнис-соработката. 4) Проширување на договорите за слободна трговија. 5) Активна дипломатска кампања со цел лобирање и искористување на пријателските односи со другите земји со цел подбро наше меѓународно позиционирање. Авторите на книгата на крај заклучија дека овој модел на економски развој треба да биде широко прифатен од сите чинители и сите заедно да работиме на негово исполнување со цел да испорачаме поголем економски напредок на земјата во наредниот период.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/457

## 01.04.2024

## Стопанската Комора на средба со СДСМ-дојде време кога треба да се случи обединување околу бизнисот




Ставовите на Комората се јасни ќе се бара отчет за секој потрошен денар, е пораката што претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески ја упати до сите политички партии на средбите во Комората во предизборниот период. На состанокот со претставниците на СДСМ Азески истакна дека буџетските трошења мора рационално да бидат поставени. „Дојде време кога треба да се случи обединување на Македонија околу еден клучен приоритет-тој се вика бизнис, зашто бизнисот може да ги реши работите кои не можат да ги решат политичките елити. Низ праксата се покажало дека во кризните периоди бизнисот врви, иако политичките елити се обременети со тие проблеми, изјави пред новинарите претседателот на комора, Бранко Азески на средбата со претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски. Одговарајќи на новинарски прашања, претседателот на Стопанската комора изнесе став и за Законот за забрана на нефер трговски практики и листата на производи кои треба од есен да поевтинат. Според Азески листа не треба да има, а наместо тоа е потребно да се најдат други мерки и тоа пазарни. Ковачевски, во изјава за медиуми, посочи дека средбите со бизнис секторот се секогаш добредојдени, особено во период пред изборите за да се слушне гласот на бизнис заедницата. Ставовите и предлозите на Комората се важни за креирање на идните политики за развој на економијата. Во однос на идните чекори за поддршка на приватниот сектор и економијата, Ковачевски потенцираше дека можностите за развој на компаниите ќе се зголемат уште повеќе со членството на Македонија во ЕУ, а дополнителен позитивен импулс на економскиот раст ќе даде „Планот за раст во Западен Балкан" на Европската Унија, кој меѓу другото значи пристап до единствениот европски пазар од половина милијарда луѓе со што за нашите компании ќе се отворат огромни можности. При тоа, Ковачевски порача дека европскиот пат носи и подобар живот и животен стандард за граѓаните, подобра работа за компаниите и дополнителни фондови за развој на нашата економија во сите сегменти.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/460

## 15.04.2024

## До вработените во Кабинетот и стручната служба на СКСМ




1. Конечно неделава да ја започнеме со добри вести. Од одделот на финансии на стручната служба сум информиран дека се готови резултатите за првото тримесечје за 2024 година. Вкупните приходи во однос на истиот период минатата година се зголемени за 1.836.854,00 денари или за 10,2%, а вкупните расходи се намалени за 2,7%.

Финансискиот план за 2024 година во првиот квартал во делот на приходите е реализиран со 28,3%, а во делот на расходите е 27,5%. Тековно се подмируваат обврските кон добавувачите и нема неплатени даночни обврски.
2. Овој период со објавувањето на книгата „Нов договор за економски развој" со факти разбивме уште неколку „манипулации" кои секојдневно „висат" врз нашата ценета институција. Книгата дава одговор на клучното прашање, како ќе изгледаше Македонија ако се прифатеа само дел од нашите предлози во изминатите 20 години. Сигурно подобро. 3. Денес ќе почнеме да разбиваме уште еден негативен пи-ар, а тоа е иднината на Комората. Иако кадровската политика е поставена на здрави основи, сепак неопходно е тоа да се промовира почесто. Ќе следуваат серијали на вработените од различна возраст што зборува за континуитет на институцијата. За почеток неколку фотографии што го потврдуваат тоа. Народски кажано „една слика илјада зборови".
4. На крајот сакам да кажам дека ние продолжуваме, си ја гледаме работата и ги опслужуваме членките. Во меѓувреме се подготвуваме за продолжување на нашата активност и после изборите, кога конечно ќе се ефектуира тоа што го тврдиме од секогаш, дека сме сериозна, професионална и меѓународно призната институција.
https://www.mchamber.mk/mk/news/index/472

## 19.04.2024
## Претседателскиот кандидат Бујар Османи ја презентираше економската програма во Стопанската комора



Претседателскиот кандидат од ДУИ и Европскиот фронт, Бујар Османи, на негова иницијатива, денеска имаше средба со претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески и извршниот директор, Антони Пешев. Целта на средбата беше Османи да ја презентира економската програма како претседателски кандидат, но и да се дискутира за стратешките напори кои се неопходни за подобрување на економската средина во државата. Во текот на состанокот, од страна на Комората, беше изразен став дека економските политики треба да бидат ставени во прв план, надминувајќи ги партиските приоритети. Исто така, беше потенцирана важноста од иницијативите за партнерства и засилување на деловниот сектор на национално и регионално ниво. Во таа насока беа реконфирмирани платформите за Коморскиот инвестициски форум и Отворен Балкан, како механизми за подобрување на конкурентноста на пазарот преку соработка и заеднички проекти. Истите иницијатива беа потврдени и на регионалната конференција во Нови Сад, која беше организирана на почетокот на неделата. Претседателскиот кандидат Османи, меѓу другото, пред медиумите изјави дека покрај државен консензус за ЕУ, потребен е и економски државен консензус по однос на основните параметри. Најави дека доколку биде избран за претседател на државата, ќе предложи создавање национален совет за економски раст, во кој би членувале претставници на политички партии и економски чинители, а кој би функционирал како еден вид на државен Управен борд со цел постигнување на државен консензус по однос на клучните параметри и регулативи за еден забрзан и одржлив развој.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/478

04.05.2024

## Како да се излезе од маѓепсаниот круг на низок економски раст?




Во мега интервју за „Економија и бизнис" претседателот на Стопанската комора Бранко Азески зборува за состојбите во државата, за економските потенцијали на компаниите, стратешките документи на Комората, како и за очекувањата на бизнисот по изборите. Во продолжение го пренесува целиот разговор, што во име на "Економија и бизнис" го водеше новинарот Митко Јовановски.

Државава мора да почива на вредности, не на апсурди. Нели е апсурдно сеуште да не е законски дефиниран холдингот, да имаш градежна оператива што градела низ цел свет, а да не можеш да ја изградиш сопствената држава, да увезуваш работна сила од Непал и од Бангладеш, а да „извезуваш" квалификувани работници во Европската Унија? Не изградивме сами ни еден километар железничка линија која поминува низ нашава држава (пругата кон Солун е градена за време на Отоманската Империја, кон Битола во време на владеење на Србите, кон Кочани за време на владеење на Бугарите). Не е реално да очекуваме брз развој на една држава ако самата не е подготвена да изгради функционална инфраструктура за бизнисот.

Стопанската комора на Северна Македонија работи веќе 102 години. Како ја оценувате нејзината работа, нејзината улога и местото што го има во нашево општество? Б. Азески: Нашето патешествие трае 102 години. Фактот дека постоиме толку време зборува за нашата вредност и за квалитетот на коморското организирање. Тоа го докажавме и во последниве 20 години на коморски плурализам. И во услови на доброволно членство, Стопанската комора е лидер во заштитата на интересите на бизнисот. Изминативе години дејствуваме како финансиски стабилна и моќна институција зад која стојат сите наши компании членки. Во современиот свет кон кој се стремиме, стопанските комори се на трето место по важност меѓу институциите во една држава и со своето значење и влијание се веднаш по парламентот и владата. За жал, не можам да кажам дека сме ги изградиле парламентот и владата кои треба да ги следат потребите на економските субјекти во државава и како институции кои треба да ја градат пазарната економија и правната држава со што ќе се определи и вистинското место на бизнисот во државава. Но, можам да потврдам дека тоа тешко ни оди. Накусо кажано, се соочуваме со повеќе ПР, а помалку суштина, со повеќе зборови, помалку работење. Јас ја водам комората со цел бизнисот да биде ослободен од сите административни бариери што ја попречуваат конкуренцијата на пазарот и оневозможуваат создавање на повисок профит за компаниите. Непримерно е компаниите да комуницираат директно и во лични контакти со високи претставници во извршната власт за да решат некој тековен проблем. Нашата главна цел како Комора е да бидеме гласот на компаниите. Ние сме во служба на компаниите и нашата улога е да создадеме услови и претпоставки за фирмите да имаат подобри услови за работа. Нашата основна функција е да им помогнеме на компаниите за две клучни прашања: подобрување на нивната конкурентна способност која се верификува преку поголем извоз. Второто е зголемување на профитите. Истовремено мора да се држи чекор со трендовите што ја

носат иднината. Расте свеста за потребата од тимови на луѓе за прилагодување кон новата економска реалност и употребата на нови технологии, на вештачка интелегенција, на обновливи извори на енергија, на процесот на декарбонизација итн. Во просек, од осамостојувањето на земјава наваму македонската економија има раст кој просечно годишно е помал од 2 %. Според извештајот на Светска банка, во 2023 година растот на македонската економија изнесувал само 1 % и е најмал во регионот на ЗБ. И проекцијата за растот на македонската економија за 2024 година укажува на најнизок очекуван раст во регионот. Кои се, според вас, клучните слабости на македонската економија кои треба да се надминат за да се оствари повисок раст? Кои се неискористените потенцијали на македонската економија? Б. Азески: Македонија имаше исклучително лош старт од нејзиното осамостојување. Ја имавме Лисабонската декларација, српското ембарго, па грчката блокада, па војните во поранешна Југославија, имавме конфликт во сопствениот двор, ни се случи финансиска криза, економска криза, па повторно војна на европско тло. Мора да признаеме дека нискиот раст е остварен во вакво неповолно безбедносно и економско опкружување и услови. Но, вистинското прашање е зошто другите оствaруваа повисоки стапки на раст. Се разбира, тоа е поради самодовербата. Во овие 32 години, самите говориме за тоа дека состојбата ни е тешка, дека не можеме сами, мали сме, не можеме да се разбереме итн. Никаде не можеме да слушнеме за позитивен пример и за работи што ни даваат оптимизам. Да ја шириме вербата дека можеме да успееме како нација и економија. Наместо тоа слушаме пароли и навреди. Тоа е нашиот амбиент во кој секој се знае. За водењето на бизнисот има многу сезнајковци, па ги учат бизнисмените што треба да прават. Доаѓаме до одговорот на прашањето дали може во ваков општествен амбиент да се изгради систем кој ќе овозможи поголем раст. Бизнисот бара стабилност и предвидливост, мудрост, но и преземање ризик. Затоа често го истакнувам мојот став дека на македонските бизнисмени треба да им се додели орден за издржливост. И овој скромен економски развој е постигнат во крајно неповолни околности. Се разбира, прашање над сите прашања е дали со годишни стапки на реален раст од 2 до 3% можеме некаде да стигнеме. Одговорот е, не можеме никаде да стигнеме. Нашите предности остануваат географската местоположба на земјава, нашата дијаспора, можностите за развој на рударството, фармацевтската дејност, индустријата, развојот на новите технологии, сточарството и младата популација... Вие сте автор на онаа позната изрека дека „не може да има хотел со пет ѕвездички во земја со три ѕвездички". Дали проблемите на македонската економија можат да се решат само со економски мерки или се потребни и поишироки промени во самото општество? Б. Азески: Самодовербата, имплементацијата и одговорноста се трите волшебни збора за успешен и брз развој на едно општество и економија. За самодовербата зборував во претходното прашање. Вториот клучен збор е имплементацијата. Кој не може да го исполни тоа што е донесено како законски пропис мора и да си поднесе одговорност. Доволно ни се ветувања во стилот „ќе биде". Мора конечно да кажеме дека нешто е завршено и имплементирано. Мора да се престане со навиката за неподнослива леснотија во давањето на ветувања кои потоа никој не ги исполнува. Не може да се даваат ветувања дека нема да се зголемуваат даноците, а потоа тие да се покачуваат. Или ќе кажеме дека недела нема да биде неработен ден, а потоа ја прогласуваме за неработен ден... Државава мора да почива на вредности, не на апсурди. Нели е апсурдно сеуште да не е законски дефиниран холдингот, да имаш градежна оператива што градела низ цел свет, а да не можеш да ја изградиш сопствената држава, да увезуваш работна сила од Непал и од Бангладеш, а да „извезуваш" квалификувани работници во Европската Унија? Не изградивме сами ни еден километар железничка линија која поминува низ нашава држава (пругата кон Солун е градена за време на Отоманската Империја, кон Битола во време на владеење на Србите, кон Кочани за време на владеење на Бугарите). Не е реално да очекуваме брз развој на една држава ако самата не е подготвена да

изгради ни пет километри пруга. Неодамна промовиравте неколку стратешки документи на Стопанската комора поврзани со идниот развој на македонската економија. Кои се, според вас, клучните пораки од тие документи? Б. Азески: Веќе ми здодеа да ја слушам констатацијата дека Комората немала став за клучните економски прашања кои се во нејзината надлежност на дејствување. Нашите ставови се јасно искажани во четирите документи кои ги издаде Комората, а кои се однесуваат за стратегијата за развој и за промовирање на нов економски модел, за реиндустријализација на економијата... Ова не се документи направени од поединци или се наменети за еднократна употреба. Тоа се документи во кои се вградени знаењето и искуството на илјадници вработени во нашите компании членки, на научните сознанија и на разни анализи и истражувања на домашни и на странски институции. Јавноста мора да знае дека Комората има јасни ставови и има и решенија за секој наш економски проблем, но тоа не може да дојде до израз и на површина поради надвладување на партиските интереси. Една од клучните заложби на Стопанската комора е зголемување на извозот од земјава. Што преземате на тој план? Б. Азески: Мала економија како македонската не може да смета на забрзан раст без поголемо присуство на компаниите на меѓународните пазари. Прашањето за поголем извоз за Македонија е да се биде или не. Поради тоа посветуваме многу внимание на подобрување на извозот. Стопанската комора е единствената институција која троши средства за анализи, која прави проекти и ги промовира можностите пред компаниите за зголемување на извозот. Ниедна друга институција во Македонија не посветува поголемо внимание на извозот. За ова имаме огромна поддршка од нашите партнери како што се УСАИД и Владата на Швајцарија. Ако останеме да произведуваме само за домашниот пазар не може да очекуваме побрз раст на економијата. Едноставно тоа што ќе го произведеме дома ќе нема кој да го потроши. Затоа постојано работиме на отворање на странските пазари и подобрување на конкурентноста на македонските производи. Во тој контекст нема да отстапиме од секоја иницијатива која ќе овозможи поголема трговска размена и од регионалната соработка која на македонските компании ќе им овозможи поголеми можности за извоз. Овде би ги посочил иницијативите како Берлинскиот процес, Коморскиот инвестициски форум, Отворен Балкан итн. Преку Коморскиот инвестициски форум, алатка за соработка на стопанските комори од регионот на Западен Балкан во рамките на иницијативата Берлински процес, вие сте длабоко вклучени во процесите за зголемување на економската соработка во регионов. Каква е вашата оценка за тековната регионална економска соработка и што можеме да очекуваме во иднина? Б. Азески: Има 74 иницијативи за подобрување на економската соработка на Западен Балкан кои не успеале. Ќе успее онаа иницијатива која ќе дојде од самите нас. Работиме на тоа сите иницијативи кои се живи иницијативи за Западен Балкан да се спојат на едно место и да се идентификува реалниот претставник на приватниот сектор на Западниот Балкан, кои ќе ја потпишат оваа иницијатива како изворна и која е произлезена од самите компании и бизниси и прилагодени на новиот економски раст како најважна алатка на Берлинскиот процес. Но, ние одиме и чекор напред. Ѝ даваме живот на најстарата регионална институција Асоцијацијата на балкански комори со нејзиното ангажирање за инфраструктурно инвестирање на целиот Балкан. На тој начин ќе му се помогне на бизнисот кој ќе ги зголеми конкурентноста и профитабилноста со помали трошоци. По долги години кај приватниот сектор конечно е разбиена дилемата дека без владеење на правото нема никаков напредок во економијата. Ние тука градиме нова стратегија која ќе биде промовирана по изборите. Отворено ќе ги повикаме сите институции во државава да ги извршуваат своите надлежности. Во спротивно ќе преземеме мерки со кои ќе го заштитиме бизнисот и ќе ги заштитиме своите интереси. Јавно ќе ги објавуваме нашите ставови во однос на прашања од економската политика со кои не се согласуваме. Второ, ќе инсистираме на учество во конципирањето на законите пред нивното донесување, а не само да коментираме

откако тие ќе бидат изготвени. Натаму, јасно ќе го повикаме новиот шеф на државава да го искористи своето право да не ги потпишува законите и потоа во рок од 30 дена да се одвива суштинска јавна дебата за прашањата за кои немаме согласност. Ако сето тоа не даде резултат нема да можеме да ги спречиме компаниите своето функционирање да го пренасочат или во други земји во регионот кои се членки на Европската Унија или во земји кои не се членки на ЕУ, но имаат подобри услови за функционирање на бизнисот. Се наоѓаме во изборен период. Една од заложбите што ја слушаме од политичките партии во јавноста е обезбедување на национално единство. Во таа насока, Стопанската комора пред извесно време промовираше Декларација насочена кон постигнување на општествен консензус за економските политики на земјава. Можеме ли конечно да се усогласиме сите по ова прашање? Б. Азески: Ова е најтешкото прашање за кое изгубивме најмногу време, но не е залудно. Вложивме огромен труд и знаење да ја формулираме Декларацијата и да ја понудиме на институциите. Беше целосно поддржана од сите партии. На чекор сме од прифаќање на постулатите кои ќе овозможат економијата во следниве десет години да има приоритетно значење. Во предизборниот период имавте средби со претставници на политички партии со кои разменивте мислења за нивните планови за идните економски политики. Кој е вашиот впечаток од овие средби и кои се очекувањата на бизнис-заедницата за наредниот период? Која е вашата порака до идната влада? Б. Азески: Средбите беа темелно подготвени од двете страни. Имавме конструктивни разговори во конструктивна атмосфера. Очекуваме позитивни поместувања по изборите. Доколку се прифатат постулатите на Декларацијата и економијата стане вистински приоритет на сите нас, полесно ќе се справиме со проблемите и ќе овозможиме услови за раст на бизнисот. Мојата порака до политичките лидери е: изгубивме 32 години за да воспоставиме ефикасен систем на владеење на правото. Мораме да го надоместиме изгубеното време за што повеќе да се приближиме кон нашата определба за интеграција во европските процеси. Потребно е да го искористиме стратешкото партнерство со најважната земја во светот, да ги усогласиме ставовите со ЕУ како наш најголем трговски партнер. И да дојдеме во состојба да одговориме на едноставното прашање: Што е проблемот со нас кога за стратешки партнер ги имаме САД, кога наш најголем трговски партнер е Германија и го имаме решено најголемиот дел од споровите со соседите? Тоа сугерира неспособност од наша страна за која ќе треба да поразговараме. Но, највважно од се е констатацијата изнесена во Стопанската комора дека тој дијалог мора да биде суштински, а не да се користи од некои актери за „самопромоција“. Конечно, очекуваме тоа што ќе биде кажано во меѓусебните комуникации и да се исполни.
https://www.mchamber.mk/mk/news/index/484

13.05.2024

## Изборите завршија, враќање на редовните колосеци-одма, сега и веднаш




1. Завршија двојните избори, седми по ред претседателски и единаесетти по ред парламентарни. Покрај честитките до победниците, посебни честитки за македонскиот народ кој покажа висока демократска зрелост и во голем број, без некои поголеми инциденти, потврди дека припаѓа на друштвото со европски вредности и јасно е определен да истрае на истите. Сѐ на сѐ, кога сѐ добро ќе се заврши не

треба и многу да се коментира. Сега е сè јасно. Во наредните 10 години економијата како приоритет, градењето правна држава и систем на пазарни вредности како определена цел. Во сите случаи одговорноста и имплементацијата се најважните алатки во работењето на сите избрани личности, органи и тела. Тоа го бараше бизнисот. На тоа ќе истрае и јавно ќе критикува секоја појава која не е во согласност со овие постулати. Нашата држава е на сериозен испит, може или не може да опстои како модерен чинител на регионалната и европската сцена. 2. Бидејќи изборите завршија од утре почнуваме со темпото на работа од пред изборите. Првите неколку активности оваа недела ќе бидат посетата на компанијата „Бехтел и Енка", средбата со врвното раководството на мултинационалната компанија „Костал" од Германија, учеството на Самитот во Котор, каде ќе се состанат шесте претседатели на Влади и на Комори на земјите од Западен Балкан, а во петок во Комората ќе го примам раководството на „Македонија 2025" кое одржува токму овие денови Самит во Скопје. Ако на тоа ги надоврземе и редовните активности кои неделава се одвиваат во Комората со Советот на странски инвеститори и Центарот за циркуларна економија, јасно е дека време за чекање нема. Бизнисот бара враќање на редовните колосеци бидејќи приликите во регионот и во Европа се прилично неизвесни и проблематични. 3. За и ние да не шириме демагогија, на најавените настани мора да се појавиме со нови модерни и свежи идеи во согласност со условите и приликите. Така што посетата на „Бехтел и Енка", водечката инвестиција кај нас во наредните години, треба да е поттик за сите вработени во Комората да ги посетат фирмите и да видат што се случува таму. Разговорите со врвното раководство на „Костал" мора да бидат прецизни и јасни за нивните очекувања од нас, затоа што странските инвеститори се значаен чинител во Комората и нивните оценки се од суштинска важност за нас. Самитот во Котор, на кој ќе се разгледува планот за новиот економски раст на ЕУ, мора во јавноста да не истакне како луѓе кои не губат време по разно-разни собири, туку изнесуваат свои предлози произлезени од компаниите за поддршката што треба да ја добијат од државите. Не, „ќе се залагаме за", туку предлагаме „тоа и тоа", треба да биде промената со која ќе го направиме нашиот метод на работа сосема поинаков. П.С Активностите ќе се интензивираат до летните одмори, да ја искористиме оваа шанса и да го надоместиме времето кое што го потроши долгата изборна кампања.
https://www.mchamber.mk/mk/news/index/491

## 15.05.2024
## АЗЕСКИ ГО ПРИМИ РАКОВОДСТВОТО НА "БЕХТЕЛ И ЕНКА"




На 14.05.2024 година раководството на „Бехтел и Енка" оствари средба со претседателот Бранко Азески и неговите соработници. На состанокот, кој е реализиран на иницијатива на претседателот Азески, заеднички беа истакнати следните поенти: 1. Азески и раководството на „Бехтел и Енка" разговараа за динамиката за остварување на планираните активности. Притоа од страна на претседателот Азески беше потенцирано дека за нас е многу значајно да завршат на време сите планирани активности бидејќи реализацијата на овој круцијален и најголем инфраструктурен проект е значаен не само за нашата држава туку и за целиот регион па и пошироко. 2. Од страна на раководството на „Бехтел и Енка" беше подвлечено дека тие во моментот интензивно работат на сите подготвителни работи и теренски истражувања кои се важни за реализација на активностите и дека се во постојана соработка и координација со домашните надлежни институции во врска со

тие активности. 3. „Бехтел и Енка‟ побараа поддршка од Стопанската комора во насока на обезбедување на работна сила која за целиот планиран период додека ќе трае реализација на проектот треба да достигне бројка од 4.000 работници (квалификуван кадар-инженери и сл. како и неквалификуван кадар-општи работници). 4. Стопанската комора ќе поддржи секакво решение што ќе значи побрза и поквалитетна активност при реализација на овој проект (Коридорите 8 и 10д) со оглед на фактот дека сметаме дека ова е најзначаен инфраструктурен проект во наредните 10 години. 5. Двете страни се договорија и понатаму да ги продолжат контактите со засилено темпо со што би се олеснила реализацијата на овој проект. Во овој дел Комората стои на располагање и во изнаоѓање односно вмрежување со локалните домашни компании кои треба максимално да бидат вклучени при реализација на активностите во сите фази. Компанијата "Бехтел" е најголемиот американски контрактор по приходи, додека глобално како фирма се рангирани како трети. Имаат 54.000 вработени во речиси 40 земји. Градат големи инфраструктурни проекти ширум светот, а во регионот ги градеа автопатите во Косово, Албанија, потпишаа договор за „Моравскиот коридор" во Србија. "Бехтел" е основана во 1898 година од страна на Ворен Бехтел од САД. Листата на проекти што ги гради оваа компанија е многубројна. "Бехтел" има изградено повеќе од 27.700 км пат, 390 електрани, 50 хидроелектрични централи, работеле на 300 проекти за метро и железница, 80 проекти за пристаништа и 96 големи аеродромски проекти. "Бехтел" од 1898 година до денес има направено повеќе од 25.000 проекти во 160 земји на сите седум континенти кои создаваат работни места, ги подобруваат економиите, ја подобруваат отпорноста на светската инфраструктура, го зголемуваат пристапот до енергија и ресурси. Компанијата "Енка" е основана во 1957 година. Евиденцијата покажува дека, досега, "Енка" добила 577 проекти со вкупна договорна вредност од 61,5 милијарди американски долари во 54 земји. "Енка" брои над 20.000 инженерски и градежни персонал, а градежната опрема и машинскиот парк се состои од над 4.000 машини. Заедничкото вложување (Joint Venture) Бехтел-Енка; во своето портфолио може да се пофали со активности во Балканот уште од 1990-тите години и во овој дел на регионот и пошироко бележат успешна реализација на големи инфраструктурни проекти како што се автопатиштата во Албанија, Косово, Србија, Хрватска, Турција и Романија. Заедно, Бехтел-Енка; имаат изградено повеќе од 28.000 километри автопати и патишта, 100 тунели и 26 големи мостови.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/498

## 16.05.2024
## АЗЕСКИ НА СРЕДБА СО РАКОВОДСТВОТО НА „КОСТАЛ ГРУПАЦИЈАТА‟ ОД ГЕРМАНИЈА



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески вчера во Охрид имаше работна средба со раководството на мултинационалната компанија „Костал‟ од Германија, предводено од Андреас Костал, претседател на Управниот одбор и сопственик на „Костал Групацијата‟ и Хансјорг Херман, извршен оперативен глобален директор и претседател на „Костал Европа‟. На средбата, на која присуствуваше и целиот менаџерски тим на

„Костал” се разгледаа неколку теми кои имаат значење за односите помеѓу оваа реномирана компанија, која доаѓа од нашиот најголем трговски партнер, СР Германија и РС Македонија. Раководството на „Костал‟ изрази благодарност до раководството на Стопанската комора за поддршката што ја добива во однос на своите активности и операции во земјата. Информираше дека моменталните економски трендови во Германија и во автомобилската индустрија се проблематични и неизвесни што влијае врз нивната инвестициска активност. Меѓутоа нивната оценка е дека во наредниот период ќе дојде до зголемување на предвидливоста, подобрување кај клучните проблеми на работењето, како што се побарувачката и цената на суровините. Што се однесува до конкретната соработка и услугите во Македонија нивните видувања се идентични во последните неколку години и се сконцентрирани на состојбите со работната сила, функционирањето на правната држава и имплементацијата на договорените работи со Владата на РСМ. На средбата со претседателот на Комората тие уште еднаш ја потенцираа долгогодишната соработка и нивната намера да останат на македонскиот пазар и да продолжат со своите инвестициски активности, а работењето на менаџерскиот тим на „Костал‟- Македонија го оценија како многу професионално, стручно, во согласност со времето во кое живееме. Групацијата КОСТАЛ е германска семејна компанија со над 100 годишна традиција, која глобално вработува повеќе од 21.000 вработени на 5 континента ширум светот. КОСТАЛ Аутомотив Електрик, како еден од профитните центри на Групацијата, денес е еден од водечките добавувачи во автомобилската индустрија и е препознатлива по високиот степен на иновативност и постојан развој реализирани преку постојаното издвојување на високи износи на средства за истражување и развој. Во компанискиот код се вградени традицијата на бескомпромисен квалитет и чувството на лојалност и взаемна поврзаност помеѓу Компанијата и нејзините вработени. Во Охрид, КОСТАЛ е присутна од 2016 година и е една од најбрзорастечките странски инвестиции присутни во Републиката. КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА е една од водечките компании на глобално ниво за производство на електронски и мехатронски компоненти за автомобилската индустрија. Главни производи: мехатронски модули (кровни модули, менувачи и сл.), електронски контролни единици, прекинувачи, полначи за електрични автомобили (ОВС) за познати брендови на автомобили Порше, Мерцедес, БМВ, Ауди, Волксфаген, Јагуар, Ланд Ровер. Во моментот фабриката во Охрид брои 1.050 посветени вработени, сите професионалци во својот домен на работа. До сега на локацијата во Охрид, КОСТАЛ инвестираше над 120 милиони евра а продолжува и понатаму да вложува во нови проекти. Во 2023 година, КОСТАЛ како една од водечките компании се наоѓа на 10-то место на листата на најголеми извозници во Македонија.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/505

## 17.05.2024

## Заеднички ангажман на Стопанската комора и „Македонија 2025“ за економски раст и развој на државата



Стопанската комора и организацијата „Македонија 2025‟ заеднички ќе ги поддржат процесите кои ќе значат поголем економски раст, поддршка на компаниите за поголема конкурентност, подобрување на регулативата и на образовниот систем, дигитализација, како професионалниот

развој на домашните менаџери. Ова се дел од заклучоците на работната средба меѓу раководствата на двете организации што се одржа денеска во Комората. Претседателот Бранко Азески во изјавата пред медиумите најави заеднички проекти со бизнисот од дијаспората и уште еднаш повика на обединување на сите релевантни фактори во државата за економски просперитет. Потенцираше дека ќе бидат поддржани проекти кои се од круцијално значење за државата, особено во контекст на провлекување на инвестиции кои може да поттикнат економски раст, кој што е слаб изминатите три децении. „На едукативен план ќе го зголемиме бројот на менаџери од извршните позиции во компаниите кои одат на обуки кај реномираните институции во САД, за да го поттикнеме домашното менаџерство, да придонесе и да се вклопи во меѓународните стандарди. Тоа искуство од организацијата Македонија 2025 е значајно и ќе го искористиме во следниот период. И на крајот имаме неколку предлози кои ќе значат заедничко лобирање за подигнување на степенот на владеење на правото и на пазарната економија и стопирање на сивата економија, од каде средствата ќе се пренаменат за зголемување на конкурентноста на нашите компании.  Се договоривме за наредната година на Самитот да ги поканиме и соседните земјите од Западен Балкан кои настапуваат во рамките на Коморскиот инвестициски форум и кои работата под заедничка платформа на регионалниот пазар‟, изјави Азески. Дополнително тој нагласи дека самоувереноста, одговорноста и вербата во себе се трите волшебни зборови што ѝ се потребни на државата за да успее во наредниот период. Прашањето дали е можно да оствариме раст е грешно, треба да поставиме прашање зошто не можеме, нагласи Мајк Зафировски еден од основачите на „Македонија 2025‟. „Дигитализацијата, инфраструктурата мора да бидат приоритет. Да се зборува е лесно, тоа е барем евтино. Но акцијата и резултатите многу потешко се постигнуваат. Има 50 милиони начини како да се оствари раст, но што ќе ставите како приоритет и како ќе ги искористите ресурсите е многу важно‟, кажа меѓу другото Зафировски. Извршната директорка на „Македонија 2025‟, Никица Мојсовска Блажевски истакна „наша цел е да создадеме атмосфера каде бизнисите ќе растат, ќе отвораат нови работни места, ќе растат платите, а со тоа и државата ќе оди напред. И ќе стигнеме до онаа посакувана дестинација, а тоа е повисок животен стандард. Со Комората сакаме посилно да соработуваме во областите на професионалниот развој, подобрување на образовниот систем, дигитализација на бизнисите, но меѓутоа исто така на поддршка на дијаспората и искористување на капацитетот, знаењето, можностите за лобирање на дијаспората во насока на побрз развој на економијата. Сите се согласуваме дека економски раст под 5% нема да не однесат до посакуваната дестинација. Заедно треба сите да работиме да постигнеме економски раст над 5% и што е можно побрзо да го зголемите животниот стандард. Се надевам дека така ќе привлечеме и наши од дијаспората да се вратат, тука да живеат и да инвестираат‟, истакна Мојсовска Блажевски. Виктор Мизо, потпретседател на Комората додаде дека постои симбиоза меѓу двете организации, бидејќи голем дел од локалните бизнисмени кои се дел од бордот на Македонија 2025 се активно вклучени и во Стопанската комора или имаат поминато низ едукативните програми на Македонија 2025. „Ќе ја искористиме оваа заедничка платформа за поддршка на конкурентноста за да привлечеме нови дополнителни инвестиции, за проширување на компаниите кои се веќе тука и да се прелеат кај нас во државата знаењето, искуствата, контактите. Ќе работиме заедно со Владата, без оглед на тоа која партија е на власт, со цел да помогнеме за да може државата да оди напред‟, рече Мизо.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/512

27.05.2024

## БИЗНИСОТ СО ГРЦИЈА, СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ СО МИЗО И СТАРТОТ НА НОВАТА ВЛАДА




И минатиот пат констатиравме и сега повторуваме дека после изборите работите добиваат на интензитет. Минатата недела беше ефикасна на секаков план. Но, оваа што претстои најавува нови активности од интерес за компаниите. На 29 и 30 мај Коморскиот инвестициски форум во Солун го организира Третото издание на Коморската академија, наменета за искуства и најдобри практики помеѓу комориte од Западен Балкан, но компаративно и со западно-европските комори. Фокусот на овогодинешната академија ќе биде на коморските услуги, кои се насочени кон овозможување на поддршка на компаниите од Западен Балкан во интегративните процеси кон единствениот пазар на ЕУ. Следната недела на 5 и 6 јуни, генералниот секретар на КИФ д-р Татјана Штерјова Душковска во Атина ќе учествува на 29-тиот форум за електрична енергија на Европската енергетска заедница. Таа ќе биде панелист и ќе се фокусира на предизвиците на енергетската транзиција.  На 13 јуни нашата комора организира Бизнис форум со Унијата на грчките комори во Солун, како дел од активностите на Асоцијацијата на балканските комори. Ќе имам средба и со мојот колега Масутис, а ќе го посетиме и Солунското пристаниште. Во овие деловни средби досега се пријавени околу 50 компании, но ве повикувам доколку има интерес, да ни се придружат и другите, имајќи предвид дека Грција традиционално е меѓу нашите најголеми трговски партнери. Овде посебно сакам да го нагласам минатонеделниот избор на господинот Виктор Мизо, наш потпретседател за претседавач на бордот на „Македонија 2025". Со тоа Комората го зголемува своето заедништво со најзначајните бизнис асоцијации кои што работат во интерес на својата држава и на тој начин игра значајна улога во контролирањето на државните економски политики. Тоа е во согласност со нашата политика, потврдена во декларацијата, донесена на 100 годишнината од нашето основање. Во секој од овие мои кажувања истакнувам по некој позитивен пример. Сега сакам тоа да го направам на еден мој специфичен начин со нашиот потпретседател Виктор Мизо, кој направи кариера за која сонуваат многумина. Почна од Охрид, достигна до Менхетн, кога државата го повика да се врати назад, кога на Комората и требаше поддршка тој ѝ ја даде и сега го шири своето влијание насекаде во интерес на бизнисот. Ете одличен пример како секој може да придонесе за напредок на својата држава. Минатата недела имав работна вечера со газдата на „Костал" Андреас Костал. Во разговорот неколку пати напомена дека доаѓањето на „Костал" во Охрид е дело на Виктор Мизо, но уште позначајно што токму во таа фабрика се изработуваат најспецифичните делови со највисока технологија од производството во целата коорпорација. Најголема гаранција за тоа е Виктор Мизо. Ние ќе продолжиме со инвестициите, а неговото искуство и знаење ќе го шириме низ целиот свет каде што имаме фабрики. Навистина големи зборови за еден човек, кој со својата упорност ги руши сите бариери. Му посакувам на новата должност во „Македонија 2025" да направи резултат како во Костал и во Комората.  Во моментов многу посветено работиме и на прецизирање на методологијата за соработка со новата Влада. Фокусирањето на извозот, иновативноста и продуктивноста, како основа на додадената вредност ќе бидат поле за наш најголем интерес и приоритет, но нема да бидат запоставени ни парафискалните давачки, регулаторната гилотиња,

даночниот календар, член 218 од Законот за извршување, холдингот, итн. Во согласност со тие усогласување, ќе се прилагодиме и ние на кој начин најдобро ќе партиципираме во новата владина програма.  П.С. За да ја разбиеме монотонијата, овој пат со слики и кратки коментари ќе прикажеме дел од нашето работење.  Заедно сме појаки е девизата на младите "коморџии"  Самодовербата, имплементацијата и одговорноста се трите волшебни збора за успех. Ако имаш самодоверба и знаеш да имплементираш, тогаш ќе бидеш и одговорен. Кој не може да го исполни тоа што е донесено како законски пропис, мора да си понесе одговорност. Доволно ни се ветувања во стилот "ќе биде".  Нашиот амбиент е амбиент во кој секој се знае. Особено за водење бизнис има многу "сезнајковци", па ве учат вас бизнисмените што треба да правите. Тоа треба да се промени. Искуството и младоста заедно. Три познати фаци и три за кои ќе се чуе подоцна (регионална соработка, енергетика, градежништво). Новиот договор за економски развој го трасира најкраткиот пат до успехот. Но, најкраткиот пат не е секогаш и најдобриот пат.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/519

## 10.06.2024
## АПСУРДИТЕ НА НАШАТА БЕЗИДЕЈНОСТ - НИ ПРЕТСТОИ ЛИ ПРЕСВРТ?




Некако полека се исцртуваат контурите на пакетот на мерки за поддршка на бизнисот што веројатно мандатарот за состав на новата Влада ќе го понуди на бизнисот. Тоа ќе биде, претпоставувам, пакет мерки со кои ќе се обиде да го оствари своето ветување за раст на БДП. Спорадично, се нафрлаат информации кои што најавуваат силна поддршка за домашните компании за да се поттикнат да влезат во нов инвестициски циклус и со тоа да отворат нови работни места и да го спречат иселувањето од земјата. Мандатарот тоа го има дефинирано најдобро во својата изборна платформа во која нагласува: „Оваа програма е срочена да гарантира целосно функционирање на системот, заштита на македонските национални интереси, квалитетно образование како и модерен здравствен систем".  Како што јас ги разбирам работите, тој е обврзан со 436 407 гласови да ги направи конечно неопходните промени и да ги отвори перспективите на државата. Но, реченицата е многу прецизна-квалитетно образование и модерен здравствен систем. Претпоставувам дека конечно тие два ресори ќе бидат на чело на листата на министерства, а не министерствата за одбрана и за внатрешни работи. Понатаму, заштита на македонските национални интереси-претпоставувам дека се однесува на спречување на иселувањето на младите, заштита на рудното и минерално богатство, окрупнување на земјиштата, мелиорација, искористување на компаративната предност на трансфезалата Србија-Грција што поминува низ нашата држава. Целосната, пак, функционалност на системот, според мене, подразбира претходно расчистување со апсурдите на нашата безидејност кои се намножени како печурки после дожд. Еве неколку примери: 1. На почетокот од осамостојувањето многу јасно се виде дека ние секогаш играме „наопаку". За тоа постојат и причини. Нашиот комплекс на помала вредност кој се изразува во постојното зборување за големи проекти, а малите поминуваат покрај нас. Дека постојано не мачат некои заговори против нас. Дека претпладне зборуваме за светската геополитика, а вечерта кршиме глави по кафеаните. За другиот ден претпладне  да зборуваме за зелената агенда, а попладне со „мотики по глава" ги решаваме меѓусебните спорови за меѓите. 2.  Увезуваме Непалци и Пакистанци, а не можеме да ги спречиме нашите квалификувани луѓе да не заминат во Западна Европа.

Триесет години водиме борба против корупцијата, а корупцијата ни цвета. Од округли маси, панели, конференции и работни групи заборавивме на конкретните мерки како што се оставките, одговорностите, етичките кодекси, моралните вредности итн. Милиони документи кружат низ државата за судири на надлежности малтретирајќи илјадници бизнисмени и граѓани на „смешни функции" кои на Запад и не постојат и наместо енергична акција даваме препораки и мислења итн. 3. До кога ќе се толерираат апсурдите со десет годишната изградба на автопатот за Охрид, кога само за десет дена ја размонтиравме железничката пруга Кичево Охрид, која можеше да биде искористена за туристички атракции или за локални потреби. Или пак, излезот ќе го бараме во селскиот туризам, кој овде функционираше пред педесет години, измислувајќи топла вода во триесеттите години на 21 век. Кога зборувам за апсурдите, да кажам и дека имаме 14 институции во јавниот сектор кои немаат вработени, а имаат директор. Покрај нив, постојат уште 14 други институции кои имаат само еден вработен. Ова не само што е нерационално, туку ја поткопува и ефикасноста и функционалноста на јавниот сектор. Ваквите апсурди мора да се елиминираат за да се постигне вистинска промена и напредок во нашето општество. И најголемиот апсурд, најголемиот непријател за јавната администрација е бизнис секторот, а токму бизнис секторот преку даноците ги исплаќа платите на јавната администрација. 4. И на крајот, ако сакаме да развиваме туризам, зошто дозволуваме да се продаваат лажни охридски бисери и кафеаните да нудат босански, наместо охридски пастрмки. Значи определбата на новата Влада за силна поддршка на бизнисот мора да биде проследена и со енергична акција на целата општествена надградба за елиминирање на апсурдите. За ова да не е демагогија, најголемата бизнис заедница во државата е подготвена за преговори со новата Влада-доколку добие прифатлива понуда, јавно да се обврзе колку нови работни места ќе отвори и колкави инвестиции ќе продуцира во периодот во кој ќе биде поддржана. Затоа мислиме дека е фер однос и претставува нов приод во соработката меѓу јавниот и приватниот сектор.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/538

## 27.06.2024
## НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ СЕ КЛУЧ НА РАЗВОЈОТ НА ЕКОНОМИЈАТА




Министерскиот панел во рамки на конференцијата на високо ниво на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) за Југоисточна Европа, насловена „Поттикнување на конкурентноста, постигнување на конвергенција" на кој учествуваше и претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, ја потврди тезата дека во процесите на дигитализација, зелената агенда и циркуларната економија, почнувајќи од 2021 година, секоја земја бележи различен степен на напредок. Тоа пред нас отвора сериозни обврски пред почетокот на пристапните преговори да направиме дополнителни напори за интензивирање на активностите, особено во еден момент во кој, со Планот за економски раст на ЕУ, се нуди поддршка и финансиска помош за имплементирање на овие вредности без кои не е можно создавање на додадена вредност. Претседателот Азески, кој учествуваше во дискусијата на министерскиот панел, истакна дека конференцијата покажа прецизност и јасност во изградените политики, и дека и приватниот сектор мора да сфати дека треба да партиципира со засилена инвестициона активност и нови вработувања, што значи ставање во функција на сите можности кои значат зголемување на извозот, продуктивноста и конкуренцијата. Беше неверојатно позитивно оценета заедничката

платформа изразена преку Стратегијата за паметна специјализација која се имплементира со помош и поддршка на земјите членки на ЕУ кои се наши помагачи во овој процес, како Словенија и Хрватска. Се на се, една невообичаена дискусија за напредните алатки во интерес на компаниите, но и за зголемување на имплементационата моќ во земјоделието, енергетската ефикасност, ИКТ кои мора да претставуваат моторна сила на новиот развој. Конференцијата на ОЕЦД за Југоисточна Европа во Париз, во чиј фокус беше градењето перспектива за поттикнување на конкурентноста на Западен Балкан во 2024 година, ги собра високите претставници од ОЕЦД, Европската комисија, Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), како и бројни министри, заменици премиери и државни секретари од земјите на ЕУ и ЈИЕ кои ги истражуваа стратегиите за олеснување на социо-економската конвергенција на регионот на Југоисточна Европа кон стандардите на ЕУ и ОЕЦД.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/553

## 03.07.2024

## РЕПОРТАЖА – „БИЗНИС ДРУЖЕЊЕ СО НАЈДАРЕЖЛИВИТЕ“




Пред неколки месеци добивајќи го извештајот за најголемите плаќачи на членарина во Стопанската комора на Северна Македонија, дојдов на идеја првите 50-тина компании да ги поканам на едно заедничко дружење. Морам да признам, чудни ми беа бројките и комбинациите меѓу фирмите кои доаѓаат од различити сектори. Средбата или „БИЗНИС ДРУЖЕЊЕТО СО НАЈДАРЕЖЛИВИТЕ", се одржа пред две вечери во комплексот Белви, Скопје, настан на кој покрај претставници на 50 компании беа и членовите на Управниот одбор и вработените во Комората. Настанот беше беспрекорен и во рамките на нашите можности. Но очигледно и интересен за членките бидејќи останаа до крај. Забавниот дел им беше доверен на музичката група Фрајле и на Ѓоко Танески (одличен 5). Храната и пијалоците на Македонија Турист, подржани од Тиквеш (одличен 5). Другото беше оставено на времето кое навистина беше изненадувачки жешко. Ако треба да кажам во една реченица, ќе кажам тоа беше одличен настан. Даниела Михајловска Василевска организираше велемајсторски, а гостите домаќините и музиката функционираа во една хармонија. Да ги спомenеме и нашите аматерски сликари Васко Ристовски и м-р Анета Димовска кои се погрижија нашиот претседател и добитниците да се чувствуваат горди. Фала им. Како и на секој прием пристигнав прво јас како домаќин, но изненадувањето беше огромно кога точно во 18 часот се појави силната директорска екипа на ЕВН, Халкабанка, Тиквеш и Макстил. Интересен е фактот што вечерта помеѓу 50 фирми најмалку 10 тина беа грчки, но и „Македонски телеком" АД, „МАКСТИЛ" АД, „Бучим и Боров дол". Свето Јаневски како и обично прв дојде да честита, а донесе и вино од исклучително признаен квалитет. „М6 едукативен центар", „ВАБТЕК", „НЕКСТСЕНС", беа дел од друштвото најуспешни компании наши членки, присутни на настанот. Глигор Цветанов актуелен потпретседател на Комората, прогресивен менаџер добар другар за кого ќе се слуша и понатака. А за убавиот амбиент во хотелот Белви во кој го реализиравме дружењето говорат самите слики од амбиентот но и музичките звезди Ѓоко Танески и групата ФРАЈЛЕ. Но, и во оваа група компании, помеѓу успешните има најуспешни и токму на таквите и ние им одадовме посебна благодарност подарувајќи

им на трите први по една уметничка слика од нашите вработени, кои се занимаваат со сликарство во слободно време. Уметнички слики подаривме на: РЕК БИТОЛА, ЕВН МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ. Неколку часовната забава беше одлична можност со добро вино и ладно пиво за неформално вмрежување на компаниите, меѓу себе но и со колегите од Комората. И секако забавата не би била забава, ако ги нема новинарите, нашите пријатели кои не следат во сите предизвици, иницијативи и дилеми кои ги споделуваме во јавност.

## 15.07.2024
## АЗЕСКИ И МИЦКОСКИ СО ДИРЕКТНА ПОДДРШКА ЗА КОМПАНИИТЕ



Комората со години наназад се обидува да биде сериозен партнер на јавниот сектор, но очигледно е, барем досега, дека јавниот сектор не го прифаќа тоа партнерство сериозно. На 25 јули оваа година тоа може да се промени. Како? Многу едноставно. Новиот премиер, професорот д-р Христијан Мицкоски, треба да верува во тоа партнерство, да вложува во него и за возврат да бара отворање на нови работни места и нови инвестиции во приватниот сектор. Ние тој предизвик го прифаќаме и подготвени сме да потпишеме. Никогаш досега не сме биле, како сега, подготвени за ваков сериозен договор. Започнавме во 2018 година со градење на концептот Комора на иднината. Во 2019 година донесовме стратегија за нејзина реализација. Во 2020 година кадровски се зајакнавме и внатрешно и надворешно. На 100 годишнината во 2022 година, јасно порачавме дека во наредните 10 години бизнисот да биде приоритет, а државата да почне да функционира нормално. Овие наши стратегиски определби најдоа своја рефлексија во Програмата за работа на Владата, која најави дека ќе се залага за стабилни финансии, намалување на сивата економија и поголема наплата на финансиски средства за државниот буџет, со цел задржување на ниски даноци и вртење кон инвестициите. Во инфраструктурата и енергетскиот сектор, зголемување на квалитетот на јавните услуги и инклузивен процес на регулаторни алатки во области значајни за бизнисот. Во оваа насока првиот приоритет е да обезбеди вклученост на Комората во процесот на планирањето на економските политики. Вториот е Програмата за инвестиции, во која на систематски начин ќе се претставаат проектите, изворите на средства и динамиката на нивно спроведување. Еве, и нов предлог на Комората, да не се пуштаат контроли и неселективно спроведување на истите, што значи Комowара инсистира на неселективен пристап во работењето на инспекциските служби. П.С: Сите вие бизнисмени, најдобро знаете дека работите не паѓаат од небо. И овој предлог од јули 2024 е работен со години, вградуван и надградуван, проверуван и анализиран. Најголема заслуга за тоа имаат претседателот Мицкоски и неговите најблиски соработници, кои од првиот момент, одлучно ги поддржаа барањата на бизнисот и тоа го потврдија низ нашата досегашна соработка. Само да напоменам дека претседателот Мицкоски беше првиот политичар што јавно во Комората ја потпиша нашата Декларација, усвоена на 100 годишнината од нашето постоење и зад неговиот потпис, тоа исто го направија уште 360 значајни институции од нашата држава. Комората за тоа ќе му изрази посебна почит.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/566

23.07.2024

# ОБРАЗОВАНИЕТО И СТОПАНСТВОТО – ЕДНА НЕРАЗДЕЛНА ЦЕЛИНА, АЗЕСКИ И ЈАНЕВСКА ДОГОВОРИЈА СИНХРОНИЗИРАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ СО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ




„Со фактот што првата средба со официјален министер од почетокот на мандатот на новата Влада, ја имам токму со министер за образование и наука сакам да укажам на важноста која за нас ја има овој ресор, кој заедно со здраството се клучни компоненти што треба да овозможат нов пристап за развој на нашата еконимија, затоа што луѓето се основниот и најважниот ресурс кој ја движи државата", изјави пред новинарите претседателот на Стопанската комора Бранко Азески по средбата со министерката за образование и наука, проф.д-р Весна Јаневска. Состанокот, кој се одржа во просториите на Стопанската комора, имаше за цел да се дефинираат следните чекори во насока на поквалитетен систем на дуално образование во средните училишта, но и да се направат напори овој концепт да се примени и во високото образование. „Стопанската комора ќе даде максимална поддршка на Министерството за образование во реализација на реформите, продолжувајќи ги заложбите за системско уредување на дуалното образование во кое за неколку години веќе успеавме да вклучиме 560 компании кои соработуваат со 61 средно стручно училиште во градењето на стручен кадар со адекватни знаења и вештини кои се препознаени и потребни на пазарот на труд. Денес со министерката се договоривме тој процес да продолжи и понатаму, но да продолжи и процес за воведување на исти такви алатки и методологии и во високото образование, каде општите програми ќе станат вештини коишто се потребни за развој на бизнисот", изјави Азески. Тој исто така потенцираше дека странските инвеститори, па и водечките домашни компании имаат потреба од нови технологии кои се значајни за зголемување на конкурентноста. „Ние ќе имаме додадена вредност на нашите производи, ако ги намалиме трошоците во нашата земја, ако создадеме кадар кој нема да ја напушта татковината и ако во буџетот се одвојат доволно средства за развој на образованието", рече Азески. Според министерката за образование Јаневска, Стопанската комора е важен претставник и застапник на бизнис заедницата, без која пак, ниту една образовна политика не би била доволно ефективна, доколку не ги отсликува потребите на компаниите. „Бизнис заедницата е важен фактор во механизмот за синхронизирање на образовниот систем со пазарот на трудот, како процес чија цел е заеднички интерес, а тоа е намалување на невработеноста во државата и раст на економијата. Ниту институциите, ниту пак бизнисот не може да напредува ако делуваме индивидуално, без добро планиран заеднички пристап, затоа од исклучително значење е соработката со приватниот сектор во креирањето на образовни програми кои одговараат на потребите на пазарот на труд, рече Јаневска. Министерката изрази и благодарност до Стопанската комора која одговори позитивно на барањето за спонзорирање на дел од учениците од Македонија кои годинава учествуваа на меѓународни научни олимпијади, во услови кога министерството сеуште нема законски основ да исплаќа средства за оваа намена на средношколци.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/574

26.07.2024

## Награди за најуспешните по повод одбележувањето 102 години Стопанска комора на Северна Македонија




Како и претходните, така и оваа година по повод одбележувањето на годишнината на Стопанската комора на Северна Македонија, беа доделени наградите на Комората за 2023 година како поттик за поголеми и посмели идни потфати на компаниите и придонес за целокупниот економски напредок во нашата држава. Во категоријата Награда за долгогодишна Коморска активност беа наградени двајца долгогодишни членови, соработници и пријатели на Комората. Господинот Илија Гечев, генерален директор на ИГМ Трејд, АД Кавадарци повеќе од три децении активно учествува во работата на Комората, во формите на организирање и органите на управување на Комората. Од 2008 година до јуни 2021 г-дин Гечев е потпретседател на Комората, а од јуни 2021 година е заменик претседател и дел од Клубот 100 на Стопанската комора. Господинот Петар Спасески, сопственик и управител на „АСП-ПАК", Охрид е активно вклучен во работните активности на Комората веќе неколку децении, а денес тој е член на Собранието на Стопанската Комора. Како сопственик на компанија со долгогодишно искуство во организирањето и раководењето со работата на трговски друштва, беше активно вклучен во активнстите насочени кон унапредување на пазарното стопанство, претприемништвото и конкурентноста во работењето. Наградата за воведување напредни технологии, дигитализација и зелена агенда, оваа година ја доби нашата долгогодишна членка ЕВН Македонија. Компанијата во континуитет работи на дигитализација на своите процеси со цел забрзување на процедурите и обезбедување функционланост во рамки на групацијата. Во 2023 г. ЕВН Македонија се наога на врвот на листата на македонски компании кои највеќе инвестирале во набавка на нова опрема и постројки, со кои инвестиции придонесува за подобрување на своите услуги и приближување до граѓаните и компаниите. Награда на Комората за градење на партнерства, засилување на врската и заеднички дејствувања во градењето на просперитетна македонска економија оваа година беше доделена на Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) и проф. д-р. Христијан Мицкоски претседател на Владата на Република Северна Македонија. Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) ги препозна заложбите и иницијативите на Стопанската комора за регионална соработка од кои произлезе тригодишниот проект „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција" кој Стопанската комора на Северна Македонија во директно партнерство со УСАИД го реализира до јуни 2025 година. Од проектот произлегоа нови алатки и услуги, кои на директен начин овозможуваат конкретна поддршка за зголемување на извозната конкурентност на домашните компании. Вториот значаен проект, е петгодишен проект „Граѓаните против корупцијата", поддржан од УСАИД, во кој Стопанската комора е учесник и го претставува приватниот бизнис сектор. Борбата против корупцијата е дел од поширокиот ангажман на Стопанската комора за борба против сивата економија и владеење на правото, што е предуслов за зголемени инвестиции и економски раст. Стопанската комора, преку Декларацијата за општествен консензус, економски

реформи, политики и мерки која беше донесена на 14.7.2022 година, го трасираше патот за градење на договор за економски раст со јасни приоритети, околу кој сите чинители во економијата и општеството треба да се обединат. Еден од првите поддржувачи на Декларацијата е Проф. д-р. Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија. Тој ја препозна улогата на Стопанската комора како обединувачки фактор на сите чинители во државата, во постигнувањето на целта за остварување на повисоки стапки на раст на македонската економија во наредните 10 години и нашите клучни приоритети како основни столбови на кои треба да се гради новиот модел за економски развој. Низ низа конструктивни заемни разговори во најголем дел истите се вклучени во програмата за работа на новата Влада и заеднички утврдивме мерки во интерес за компаниите. Имплементацијата е тоа што следува, но ние силно веруваме дека со експертизата и знаењата, искуствата, амбицијата и енергијата која ја имаме, партнерски ќе продолжиме и заеднички ќе учествуваме во градењето на подобра иднина на нашата држава.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/575

## 05.08.2024

## Благодарност од премиерот Мицкоски до претседателот на Стопанската комора Азески


Влада на Република Северна Македонија
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Скопје, 22 јули 2024 година
Бр. 08-1214/2

Почитуван г. Азески,

Премиерот на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, му испрати писмо на претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески во кое изразува благодарност за честитките што Азески ги упати по повод неговото неодамнешно именување за претседател на Владата. Во писмото, премиерот Мицкоски истакнува дека е подготвен да ја зајакне соработката со Стопанската комора, нагласувајќи ја важноста на заедничката визија за просперитетна економска иднина. Според него, континуираното партнерство и заедничките напори се клучни за обликување на политики што ќе придонесат за економски раст и развој на државата. „Вашето искуство и експертиза ќе бидат од непроценливо значење во обликувањето на политиките кои поттикнуваат раст и развој. Заедно можеме да се движиме низ предизвиците и да изградиме просперитетна економија за нашата држава", стои во писмото што премиерот го испрати до претседателот на Комората, Бранко Азески.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/580

## 02.09.2024

## ПОРАКИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА



Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија Од секогаш први септември сум го сметал за почеток. Веројатно останало од училиштето, но и на другите работни места секогаш тој датум претставуваше почеток на некој нов период,

кој обично се врзувал за остварување на подобар резултат до крајот на годината. Тоа значи ако имало определени слабости во претходниот период, тие мора да бидат надминати. Но, ние добро знаеме дека работите не се надминуваат сами од себе и затоа ние ќе донесеме определени решенија кои ќе го поткрепат тој процес. 1. Очигледна е кохерентноста на Управниот Одбор на СКСМ во последната година, но и засилениот ангажман на неговите членови за активно партиципирање во нашата заедничка мисија, а тоа е подобра позиција за компаниите во наредниот период. Тука пред се сакам да го истакнам ангажирањето на м-р Анатол Кутревски (ПЕКАБЕСКО), м-р Александар Гечев (ИГМ ТРЕЈД), проф. д-р Никица Мојсоска Блажевски (МАКЕДОНИЈА 2025), д-р Анита Блажевска (ФИЛИП МОРИС СКОПЈЕ), м-р Зоран Милковски (ГД Гранит), кои стекнувајќи искуство во работењето, се значаен фактор во креирањето на економските политики на Комората. 2. Пред еден месец објавивме дека проф. д-р Никица Мојсоска Блажевски ја именувавме за главен координатор во спроведување на договорот за соработка помеѓу Владата и Комората, кој дефинитивно, ќе биде потпишан оваа недела и ќе се однесува на неколку значајни сегменти за компаниите, кредитна подршка,  енергетска, буџетска и обезбедување повеќе работа за домашните градежни компании на проектот Бехтел и Енка. 3. Денеска објавуваме дека уште еден наш голем активист, проректорот на Универзитетот Гоце Делчев во Штип и претседател на нашиот Клуб на извозници ќе ја преземе улогата главен координатор за спроведување на извозната стратегија на Комората, проф. д-р Дарко Лазаров, што значи он ќе ги координира активностите на Националниот совет за извоз, Клубот на извозниците, Институтот за извоз, кои настануваат од проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", што Комората го имплементира во партнерство со УСАИД.  4.    Од први октомври објавувам дека според моите овластувања ќе именувам Генерален секретар на Постојаниот избран суд Арбитража при Стопанската комора, за што се преземени веќе подготвителни активности. Со тоа ќе биде пополнета уште една празнина која ќе помогне во изнаоѓањето трајно решение за оваа значајна институција која мора да се преструктурира. 5. Моја проценка е дека што поскоро или побрзо треба да се стават во функција два значајни облици на нашето организирање, а тоа се, Советот за напредни технологии и Центарот за микро, мали и средни претпријатија. Времето бара да бидеме во тек со случувањата, а тоа не може да се направи без зголемен ангажман на овие два сегменти. 6. Оваа недела не очекува многу значајна средба на Советот на странски инвеститори во Комората со премиерот Мицкоски. На таа средба очекуваме полека да почнат да се разрешуваат прашањата кои се нотирани како проблематични во фирмите со странски капитал. Такви имаме 147 и претставуваат значаен чинител во нашето работење. Исто така оваа недела ќе имам и работна средба со нашите експерти за проценка на моменталната економска состојба. Тука како да лебди прашањето за повратот на ДДВ за што имаме и посебни анкети.  7. Во текот на месец септември една нова група на млади бизнисмени ќе ни се придружи нам кои седиме во органите и телата на Комората. Со тоа продолжува континуираниот процес на вклучување и на помалите фирми кои претставуваат значајна база на нашето работење. Да напоменам само некои од нив, Димитрије Здравковски (40 години, Реформ солушн центар), Горан Стојановски (40 години, Скејлфокус), Тони Јанковски (33 години, Дајнерс), Жарко Димитроски (36 години БДГ Груп). проф. д-р Марина Блажековиќ Тошевски (39 години, Факултет за ИКТ при Универзитетот "Св. Климент Охридски"  Битола) итн. 8. На меѓународен / регионален план, во моментов преку КИФ се спроведува техничка помош за фирмите во процесот на пласирање на нивните производи на пазарите на ЕУ (со фокус на германскиот и на италијанскиот пазар). За 73 компании од целиот регион на Западен Балкан, програмските експерти ќе понудат поддршка на МСП за стекнување компетенции што ќе ги направат попривлечни за влегување во европските и во светските синџири за снабдување и за наоѓање партнери од ЕУ. Најуспешните учесници во програмата (од Македонија се вклучени 10 компании),  ќе учествуваат на Инвестициската конференција/Б2Б средби кои се организираат како придружен настан на Бизнис форумот и состанокот на министрите за економија во рамки на Берлинскиот процес, во Берлин, Германија (24 септември 2024 г.) и на саемот за градежништво „САИЕ" во Болоња, Италија (9-12

октомври 2024 г.). Се подготвува и посета на наша бизнис делегација на САД, со што ќе се направи обид кој е во заостанување во изминатиов период. Се на се` конкретни и јасни задачи од кои до нова година очекувам фирмите да добијат државна подршка, да се вклучат во изградбата на патиштата согласно договорот со Бехтел и Енка, бесплатна посета на саемот во Болоња и бизнис форумот во Берлин, законска разврска на прашањето за холдингот, член 218 од Законот за извршување, поволни царински стапки и намалување на парафискалните давачки и бројот на законите. Тоа ќе биде доволно.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/583

## 12.09.2024

## Претседателот на Стопанската Комора на Северна Македонија Бранко Азески се сретна со МД Дауд Али, амбасадор на Народна Република Бангладеш



Во рамки на работните активности, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, оствари средба со МД Дауд Али, амбасадор на Народна Република Бангладеш за регионот, со седиште во Букурешт, Романија. На состанокот, кој се реализираше во просториите на Комората, претседателот Азески накратко ја претстави работата и активностите на Комората, нагласувајќи ја нејзината важна улога на регионално ниво преку учество во Коморскиот инвестициски форум и други регионални асоцијации. Тој подвлече дека Комората е лидер во подобрување на извозната подготвеност на македонските компании и во промоција на нивните производи на меѓународниот пазар. Азески истакна дека поради изминатите кризи со кои се соочуваше светот и континентот се промени фокусот на дејствување на Комората, но дека да не беа овие кризи, фокусот на активностите ќе беше во обезбедување на квалитетен човечки потенцијал за компаниите и дополнително профилирање на истиот. Амбасадорот Али истакна дека Бангладеш е густо населена земја, со население преку 170 милиони жители и претставува можност за македонските компании и бизниси. Нагласи дека една од примарните индустрии на оваа земја претставува текстилната индустрија, но ги посочи и потенцијалните точки на соработка на двете земји. Се осврна на искуството и позицијата на Комората за координација на понатамошните чекори кон унапредување на соработката. Како пример за успешно продлабочување на билатералните односи, амбасадорот Али го посочи примерот со Романија, која во изминатите четири години, откако е отворена амбасадата во Букурешт, успева четирикратно да ја зголеми размената со Бангладеш. На средбата беше констатирано дека иако во моментов билатералната размена помеѓу Република Северна Македонија и Народна Република Бангладеш е на незавидно ниско ниво, постои потенцијал за продлабочување на економските односи помеѓу двете земји. Во овој контекст, беа разгледани идеи за натамошен развој на соработката во сферата на економијата, трговската размена, како и размената на искуства и човечки ресурси. На средбата беа договорени понатамошни чекори за соработка и промоција на економските придобивки на двете земји од истата.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/586

## 18.09.2024

## Редовни консултации меѓу Стопанската комора и Царинската управа: Пат до зголемена конкурентност на македонската економија




Зголемување на конкурентноста на македонската економија преку засилена соработка меѓу бизнис заедницата и Царинската управа беше клучна тема за разговор на средбата меѓу претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески и директорот на Царинска управа, Бобан Николовски. Договорено е воспоставување редовни консултации и заеднички настани, кои ќе бидат основа за унапредување на царинско-деловните партнерства. Со нов Меморандум за соработка ќе се дефинира новата рамка за партнерство, со цел обезбедување доследност, предвидливост и ефикасност на царинските и деловните процеси. „Стопанската комора ја поддржува и охрабрува Царинската управа да го унапредува царинското работење со воведување на нови дигитални услуги и решенија и осовременување на опремата особено на граничните премини, зашто тоа истовремено ќе значи олеснување и забрзување на постапките и поддршка за извозните компании за зголемување на нивната ефикасност и конкурентност", истакна Азески на состанокот.  Од страна на директорот на Царинската управа Николовски беше посочено дека ваквата соработка е во согласност со приоритетите на Владата. „Ова е значаен чекор кон унапредување на односите, што ќе влијае позитивно врз перформансите на бизнис заедницата и економската трансформација на државата," изјави Николовски.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/592

## 19.09.2024

## Поддршка на иновациите преку бизнис-ангелите: клуч за економски раст




Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески учествуваше во панел дискусија на меѓународната конференција „Бизнис-ангелите и претприемачки екосистем во Северна Македонија, можности и предизвици" организирана од Министерството за економија и труд. Азески беше говорник на првиот панел за дискусија на тема „Идентификување на потребите на политиките за зголемување на инвестиции на ангелите во Северна Македонија", каде ја истакна важноста од поддршка на иновативните политики и развојот на претприемништвото како главни двигатели на економскиот раст. Тој нагласи дека за постигнување на одржлив просперитет, државата треба да создаде претприемачки екосистем кој ќе го олесни финансирањето на иновативните бизниси, со особен фокус на улогата на бизнис-ангелите. Азески го нагласи значењето на стопанските комори во едукацијата на компаниите и поединците за можностите што ги нудат ангелските инвестиции. Со тоа, тие ќе придонесат за забрзување на економските текови и унапредување на иновациите. Исто така, според искуството на европските земји, потребни се и дополнителни даночни и правни олеснувања за да се стимулираат бизнис-ангелите да инвестираат во ризични, но иновативни компании. Улогата на

бизнис-ангелите е од суштинско значење, бидејќи во многу земји, тие претставуваат втор по големина извор на надворешно финансирање во компании кои отпочнуваат со работа, а имаат високо-ризични бизнис идеи. Тие се многу важни како обезбедувачи на ризичен капитал и придонесуваат за економскиот раст и технолошкиот напредок. Нивната улога не е само во обезбедување капитал, туку и во пренесување на искуство и создавање партнерства, што е од особена важност за малите и старт-ап бизнисите. Тие претставуваат алтернативен извор на финансии кои овозможуваат реализација на иновативни, но ризични идеи, за кои банкарските инструменти не се секогаш достапни.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/593

## 07.10.2024

## Азески панелист на конференција организирана од Светска банка




Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, учествуваше на конференција организирана од Светската банка каде беа дискутирани наодите од два неодамна објавени извештаи, „Извештај за климатските промени и развојот на Западен Балкан: Компендиум за Северна Македонија“ и „Преглед на климатските промени во јавните финансии на Северна Македонија“. На покана на директорот на Светската банка за Косово и Северна Македонија Масимилијано Паолучи, Азески, учествуваше на панел-дискусија заедно со високи претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, како и на делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија. Азески во своето излагање посочи на важноста од идентификација на можности за соработка меѓу науката и бизнисот во полето на одржлива и зелена економија. Според претседателот на Стопанската комора, главното прашање кое треба да го одговориме е како да ги претвориме предизвиците на компаниите околу спроведувањето на стандардите за одржлива животна средина во можности и потенцијален напредок за нив. „Зелената трансформација не е далечна цел, туку сегашна можност и предизвик за компаниите. Свесни сме дека е време да преземеме проактивна улога во процесот на зелена транзиција на нашите економии. Заедно можеме да го направиме Западен Балкан регион кој не е само економски конкурентен, туку и еколошки стабилен и одржлив“, потенцираше Азески во разговорот. За време на дискусијата, тој се осврна на заложбите на Стопанската комора да се идентификуваат полињата на соработка меѓу науката и бизнисот во полето на одржлива и зелена економија, што би придонело за посилна соработка, но и испорачување на повеќе технички, стручни и научно засновани услуги на академската заедница кон бизнис-секторот и компаниите. Според извештајот на Светска банка, Северна Македонија треба да инвестира 6,4 милијарди американски долари во следната деценија за ефикасна заштита на луѓето и имотот од последиците на климатските промени. „Природните непогоди несразмерно ги погодуваат ранливите сектори, особено земјоделството, каде малите семејни фарми страдаат од суши и град поради недоволно наводнување, заштита од град и осигурување“, изјави Масимилијано Паолучи, директор на Светската банка за Косово и Северна Македонија.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/598

## 09.10.2024

## Азески за USA TODAY: Клучни поенти за приватниот сектор, регионалната трговија и иднината на економијата




Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, имаше 30-минутно интервју за дневниот весник USA TODAY на кое беа потенцирани неколку поенти за: 1. Улогата на приватниот сектор во зајакнувањето на регионалната трговија 2. Предизвици и можности за микро, малите и средните претпријатија 3. Промовирање на Северна Македонија како дестинација за странски инвестиции 4. Дигитална трансформација и иновации во приватниот сектор 5. Северна македонија и Соединетите Американски Држави. Интервјуто е по повод 40-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи со САД, и ќе биде дел од поширок извештај за државата, со акцент на развојот на економијата, како и стратешкото партнерство помеѓу С. Македонија и САД. Беа договорени нови средби и соработка во следниот период. Со публика од 2,6 милиони читатели, USA TODAY е водечки весник во САД.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/599

## 17.10.2024

## Азески од Самитот во Истанбул: Слободната и фер трговија треба да биде приоритет во глобалната економска трансформација



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески учествуваше на Самитот на Европа и Азија, што се одржа во Истанбул, на тема: „Колаборативен пристап кон климатска акција", во организација на Светската коморска федерација (World Chambers Federation WCF) и Унијата на комори и стокови берзи на Турција (TOBB). Дебатирајќи за улогата на коморите во поттикнувањето на глобалната економска трансформација и климатските промени, највисоките претставници од коморите и деловните лидери се согласија дека слободната и фер трговија треба да биде приоритет, наспроти протекционистичките трендови во одредени области. Имајќи предвид дека 75% од глобалната трговија е регулирана со правилата на СТО, кои обезбедуваат стабилност и предвидливост, бизнис-лидерите порачаа дека за да се одговори на предизвиците на 21 век, мора да се работи на зачувување и подобрување на овие правила. Во бројните средби во рамки на Самитот со претседателите на стопанските комори, Азески истакна дека СКСМ инсистира да се идентификуваат полињата на соработка помеѓу науката и бизнисот на планот на одржливиот развој и зелената економија, со цел преку стручна и научно-базирана основа, компаниите да се приспособат кон современите трендови во насока на зголемување на конкурентноста и исполнување на строгите услови и критериуми на ЕУ и другите пазари. Азески ја нагласи и важноста на Софиската декларација за Западен Балкан од 10 ноември 2020 година, која ги обврза земјите од овој регион да ја имплементираат зелената агенда и во делот на минималното испуштање на јаглерод, но и во други пет области: климата, енергијата, циркуларната економија, загадување и одржливо производство на храна. Во рамките на овој настан, Азески

оствари средба со претседателот на Трговско-индустриската комора на Текирдаг, Џенгиз Гунај, утврдувајќи ги правците за заедничка натамошна соработка. Овој настан беше одлична можност да се разменат информации за најновите случувања околу климатските промени и да се подигне свеста за практиките што коморите и бизнис-заедницата ги спроведуваат како одговор на размислувањата за климатските ризици, вклучувајќи инвестициски планови, корпоративни стратегии и корпоративни активности на планот на општествената одговорност. Со тоа тие и практично покажаа дека зелената трансформација не е далечна цел, туку можност и предизвик за компаниите, укажувајќи дека е крајно време да се преземе проактивна улога и во зелената транзиција на економиите од регионот, за да се направи регионот и економски стабилен и одржлив. На првиот состанок на Советот на жени при коморите во рамки на WCF, на кој од Стопанската комора на Северна Македонија учествуваше д-р Елена Милевска Штрбевска, претседател на Постојаниот избран суд Арбитража при Комората, се дебатираше за предизвиците и можностите со кои се соочуваат жените во нивните лидерски улоги во коморите и во компаниите. Преку споделените искуства на жените во бизнис-светот се упати порака дека различноста меѓу половите овозможува меѓусебно надополнување што треба да придонесе за подобар успех на тимовите, проектите и плановите, особено имајќи ги предвид предностите на жените како стрпливи и одлични преговарачи, моќни лидери со претчувство за ризик и навремено реагирање во кризни ситуации, како и природниот инстинкт за грижа за тимот, што може да доведат до корпоративен напредок и развој.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/602

## 18.10.2024

## ВИДЕОИНТЕРВЈУ: Азески за Слободен печат – Фирмите покажуваат интерес за кредити од унгарските средства




Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, во интервју за „Слободен печат" говори за очекуваното зголемување на инвестициската активност во државата и потребата капиталните инвестиции да се реализираат без „марифетлуци". Тој исто така најави дека компаниите кои не добиле навремен поврат на ДДВ, ја имаат поддршката од Комората да ја тужат државата. Азески изразува оптимизам дека Владата ќе ги исполни обврските кои ги договорила со стопанствениците. Една од тие мерки е кредитната линија од Унгарија, од која дел ќе биде наменет за стопанството. Секоја финансиска поддршка, особено преку поволни кредити, според Азески е позитивен чекор, а веќе се идентификувани компании со проекти кои би биле погодни за кредитна поддршка. „Проблем за стопанството е доцнењето на државата со поврат на ДДВ, кој треба да се врати во рок од 30 дена според закон. Компаниите имаат право да се жалат, а Комората стои зад нив", истакнува Азески. Тој додаде дека бизнис заедницата очекува Владата што побрзо да влезе во процесот на реформите, и покрај временските ограничувања со кои се соочила поради формирањето на новите министерства и летниот период. Во интервјуто, Азески ги потенцираше четирите клучни теми договорени со Владата: Обезбедување на кредитна линија од Унгарија; Буџетот за следната година и даночниот календар; Вклучување на македонски компании во проектот „Бехтел и Енка"; Реализација на капиталните инвестиции без пренамени и „марифетлуци".

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/603

## 31.10.2024

## По повод 101 година на Турската република, претседателот Азески ги посети амбасадорот Фатих Улусој и генералниот директор на Халкбанк Билал Суџубаши



Изминатите денови, претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, ја посети Амбасадата на Република Турција и имаше средба со неговата екселенција, амбасадорот Фатих Улусој, како и со генералниот директор на Халкбанк, Билал Суџубаши. Посетите беа дел од чествувањето на 101-та годишнина од основањето на Турската република и претставуваше можност за продлабочување на долгогодишната соработка меѓу двете земји. Главна тема на разговорите со Н.Е. Фатих Улусој беа актуелните состојби во Европа и во Украина, при што беше потенцирано значењето на стабилноста во регионот. Дополнително, беше разговарано и за билатералната соработка меѓу Северна Македонија и Турција, која е во подем во текот на последните години. Според последните податоци за 2024 година, економската соработка бележи значаен раст, при што Турција е меѓу првите седум трговски партнери на Северна Македонија. Во споредба со истиот период во 2023 година обемот на трговската размена е зголемен за 7,7 %. Турските компании се исто така значајни инвеститори на македонскиот пазар, особено во секторите на финансии, банкарство и градежништво, со што ја поддржуваат економската стабилност и раст на Северна Македонија. Во истиот дух на соработка, претседателот на Комората, Бранко Азески го покани и заменик-министерот за економија и труд, Марјан Ристески кој оствари средба со членовите на Управниот одбор на Стопанската комора. На средбата беа дискутирани повеќе теми, како што се економската состојба во државата, процесот на имплементацијата на Законот за нефер трговски практики, економските политики на Владата, активностите на Министерството за поддршка на компаниите, стопанството и малите и средни претпријатија, како и потребата за поголема општествена одговорност кај компаниите. На средбата е оценето дека соработката помеѓу Министерството за економија и труд и Стопанската комора е на високо ниво и истата треба да се продлабочи и интензивира. Министерството за економија и труд е партнер на приватниот сектор, тие се двигателот на македонската економија, ние во континуитет ќе го поддржуваме развојот на стопанството и компаниите.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/610

## 05.11.2024

## ПРЕМИЕРОТ, БАНКИТЕ И БИЗНИСОТ



На јубилејот по повод 100 годишнината од основањето на Стопанската комора, наместо прослава консензуално во Комората донесовме Декларација за постигнување општествен консензус по однос на прашањето за понатамошниот развој на државата. И јасно, потенциравме дека клучен приоритет во наредните 10 години треба да биде бизнисот како основен кохезионен фактор на сите разлики (меѓунационални, меѓуетнички,

социјални, концепциски, стратешки) кои што постојат во нашата државата. Помеѓу многубројните проблеми со кои се соочуваме, посебно сакам да го издвојам проблемот на имплементацијата на договореното, кој како да е рак рана на нашето живеење во првата самостојна и независна македонска држава. Никој не го оспорува капацитетот на нашиот народ за договор, ниту на бизнисот, но секогаш е спорно неговото спроведување бидејќи наидува на различни прашања и дилеми. Деновиве имаме конкретен пример со што можеме да им покажеме на јавноста и на меѓународната заедница дека покрај способноста за договор, имаме способност и за имплементација преку широк консензус за поддршка на бизнисот и неговите потреби како приоритет во наредните години. Тоа значи дека парите од унгарскиот кредит кои институционално беа процесуирани преку македонското собрание и легнати на сметката на Народната банка на РСМ мора веднаш да се стават во функција. Едноставно кажано, тој сигнал би поттикнал и другите компании да тргнат по патот на инвестициите што е единствено решение за нашите проблеми. П.С. Оваа недела имав исклучителна чест и задоволство да присуствувам на седницата на Клубот на извозници при СКСМ во кој членуваат најголемите и најуспешните домашни извозни компании и морам да кажам дека ова специјализирано тело како форма на делување е вистински погодок во насока на градење на новиот концепт на Комората за поддршка на извозните активности на компаниите. Претседателот на Клубот на извозници, проф. д-р Дарко Лазаров заедно со неговиот тим на потпретседателите (Анатол Кутревски од Пекабеско Скопје, Зоран Илиевски од Актива Штип и Евгенија Ѓорѓиеска од Ламинати Ком Прилеп) вложиле огромни напори да го организираат овој концепт и како млади професионалци и претставници на успешни извозни компании се силна гаранција дека тоа ќе се развива во вистинска насока. Националниот совет за извоз, Клубот на извозници и Институтот за извоз ќе бидат трите столба на кои ќе почива новиот концепт на Комората за поддршката на сите извозни активности на компаниите. Во наредниот период Комората ќе промовира и нови облици и алатки во интерес на компаниите, а истовремено силно ќе ги поддржува активностите поврзани со борбата со корупцијата и сивата економија.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/619

## Претседателот Азески на средба со Бјорн Габриел, претставник на Европската инвестициска банка




Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески со своите соработници оддржа работна средба со Бјорн Габриел, претставник на Европската Инвестициона Банка на која се дискутираше за тековните проекти на ЕИБ во нашата држава и за можностите за зајакнување на соработката. Азески истакна дека Стопанската комора е силен поддржувач на долгогодишната посветеност на ЕИБ преку финансирање на мали и средни претпријатија, на транспортни, енергетски и на инфраструктурни проекти што се од економско значење за домашната економија и регионалното поврзување. Здравите економски политики и поволната деловна клима се клучните елементи за раст на приватните инвестиции, а за развој на една економија на среден рок мора да се имаат клучните аспекти minus; подобрување на инфраструктурата, зголемување на извозот и на инвестициите истакна Азески. Потребно е владеење на правото, предвидлива рамка за дејствување, транспарентно носење на законски прописи кои го засегаат работењето на компаниите, како и повеќе зелени и дигитализирани компании за поголема профитабилност и продуктивност - додаде претседателот на Стопанската комора.

Азески го информираше соговорникот дека Комората е силно фокусирана на посветеноста на Европската комисија преку Планот за раст на Западен Балкан да го забрза процесот на пристапување и економската конвергенција на економиите од регионот кој вклучува долгорочна стратегија за регионално поврзување, понепречена зелена транзиција, и поттикнување на развивање на приватниот сектор. Бјорн Габриел потенцираше дека ЕИБ традиционално е долгогодишен партнер на земјата обезбедувајќи 1,6 милијарди евра до денес за изградба на нови патишта, железници, енергетски и водни мрежи, истовремено придонесувајќи кон растот на малите и средни претпријатија (МСП). Во приватниот сектор, соработката помеѓу РБСМ и ЕИБ Глобално овозможи до денес да се доделат 601 милиони евра за поддршка на повеќе од 2.420 локални компании. ЕИБ останува силен партнер на Северна Македонија, при што преку нивната мрежа на партнерски банки ги поддржуваат малите и средните претпријатија, кои претставуваат 60 отсто од вкупното кредитирање на ЕИБ во земјата, а преку нивните наменски кредитни линии поддржале преку 2.500 проекти во различни сектори. Во однос на новите проекти што имаме намера да продолжиме да ја поддржуваме изградбата на железничките делници на Коридорот VIII, развојот на малите и средните претпријатија и новите проекти за обновлива енергија и енергетска ефикасност, кои се од стратешко значење за зелената транзиција на земјата истакна претставникот на ЕИБ во земјава. На крајот на средбата заеднички беше констатирано дека одличната соработка во изминатиот период која резултирашр со подготовка на Водич за декарбонизација за приватниот сектор ќе продолжи и во иднина. Европската инвестициона банка е институција за кредитирање на Европската Унија и е една од најголемите мултилатерални финансиски институции, не само во Европа, туку и во целиот свет. ЕИБ е активна на територијата на Северна Македонија од основањето во 1991 година, обезбедувајќи финансии за поддршка на клучните инфраструктурни проекти, локалните власти, како и малите и средни претпријатија (МСП). ЕИБ обезбеди 1,1 милијарди евра за финансирање на МСП и проекти за транспорт, енергетика и комунална инфраструктура.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/621

## 08.11.2024

## Азески-Улусој: Приоритет е натамошно развивање на билатералните економски односи меѓу С. Македонија и Турција



Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески оствари средба со амбасадорот на Република Турција Н.Е. Фатих Улусој. На средбата, на којашто присуствуваа и реномирани компании членки на Комората, беа разменети мислења за севкупните билатерални односи, коишто се традиционално пријателски, со фокус на дополнително подигнување на нивото на економска соработка, како и создавање можности и уште поинтензивна трговска размена и инвестиции. Претседателот Азески ја изрази посветеноста на Комората за унапредување на економските односи меѓу двете држави, за мотивирање на нови турски инвестиции во земјава и за зголемување на трговската размена, којашто и сега е на високо ниво, со оглед дека Република Турција е меѓу десетте држави со коишто Република Северна Македонија има најголема трговска размена. Азески ја нагласи и улогата и придонесот на турските инвеститори во севкупниот развој на државата потенцирајќи дека станува збор за конструктивни носители на економските процеси адекватно

вклопени во нашиот систем носејќи позитивни корпоративни вредности. Во натамошниот период треба да се фокусираме на потребата за создавање на неопходните услови за интензивирање на соработката меѓу бизнисите од двете држави, со цел искористување на сите потенцијали кои се во насока на креирање на економски напредок и поттикнување на повеќе турски инвестиции во земјава нагласи Азески. Турскиот амбасадор Фатих Улусој од своја страна изрази уверување дека Турција и во иднина ќе биде конструктивен партнер и поддржувач на нашата држава на билатерален и на мултилатерален план, истакнувајќи ја севкупната поддршка што Турција ја дава од првите денови на македонската независност и својата посветеност за натамошно унапредување на односите меѓу двете држави во сите сфери од заемен интерес. Радува фактот што во полето на туризмот има исклучителен напредок кадешто најголем број на странски туристи во државава се од Република Турција, повеќе од 200.000 на годишно ниво, додека близу 50.000 македонски туристи ја посетуваат Турција во текот на годината. За важноста на постоечките турски инвестиции врз економскиот развој на земјава говори фактот дека досега се вложени над 1,8 милијарди долари директни инвестиции од Република Турција коишто вработуваат повеќе од 10.000 локално население истакна Н.Е. Улусој. Дел од присутните компании претежно со турски капитал во земјава изразија свое мислење и дадоа свои препораки за подобрување на актуелните состојби и унапрадување на економските односи меѓу двете земји. На крајот на средбата, двајцата соговорници се согласија за поттикнување на турските компании за инвестирање во Северна Македонија, надминување на потешкотиите со кои се соочуваат истите, можноста за започнување преговори за ажурирање на договорот за слободна трговија, настап и посета на македонски компании на купувачки мисии и саемски манифестации во Турција, како и организирање на македонско-турски бизнис форум со учество на турски и македонски компании во наредниот период.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/624

## 14.11.2024

## Бизнисот не толерира корупција – Комората потпиша договор за соработка со Транспаренси Интернешнл Македонија




Бизнис заедницата cegrave; повеќе препознава дека корупцијата е сериозна пречка за ефективно и ефикасно владеење на правото, раст и стабилност на конкурентна пазарна економија, како и дека итно се потребни значителни чекори за справување со овој предизвик. Токму во насока на зајакнување на напорите и заложбите во борбата против корупцијата и подигнување на свеста за нејзиното влијание врз бизнисот, се официјализира соработка помеѓу Стопанската комора на Северна Македонија и Транспаренси Интернешнл-Македонија, преку договор за соработка потпишан од двајцата претседатели Бранко Азески и Благоја Пандовски. Ставот на Стопанската комора во однос на прашањето за криминалот, корупцијата и сивата економија е толеранција нула истакна Азески на прес-конференцијата по потпишување на договорот. „Олеснување на работењето на правните субјекти нема да има cegrave; додека не се елиминираат митото и корупцијата. Институциите мора да се заложат за откривање на причините на ваквата појава и затоа е потребно да се постигне општ консензус за нејзино целосно искоренување", истакна претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески пред новинарите. Претседателот на Транспаренси Интернешнл-Македонија Благоја Пандовски ја истакна досегашната плодна сороботка преку изготвување на Кодекс за

деловна етика, најпрво на акционерските друштва, а потоа и на малите и средни претпријатија, како и успешниот проект „Нулта толеранција за корупција" за најефикасно корпоративно управување и додаде дека потпишувањето на овој договор ќе придонесе за зголемување на интегритетот на бизнис секторот и ќе ги зајакне напорите за сузбивање на корупцијата во деловното работење. „Поради тоа неопходно е да побараме помош од Европската Унија, особоено на прашањата за инфраструктурата, владеењето на право, прашања околу корупцијата, како повторно би биле атрактивни за инвестирање", додаде Азески. Заеднички беше констатирано дека борбата против корупцијата бара ангажираност на сите нивоа во општеството, затоа од исклучителна важност е сите релевантни институции да преземат активности во рамките на своите надлежности и да ја зголемат својата ажурност. Само заедничка борба и координација може да даде конкретни резултати за институциите да бидат вистински сервис за граѓаните и бизнисот и како повторно би биле атрактивни за инвестирање.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/627

## 15.11.2024

## Подобрување на услугите на УЈП спрема компаниите и навремен поврат на ДДВ во фокусот на средбата на Азески со Дон Мејнваринг, советник во Канцеларијата за техничка помош на Министерството за финансии на САД



Низ отворена дискусија на работната средба меѓу претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и Дон Мејнваринг, советник во Канцеларијата за техничка помош на Министерството за финансии на САД, која се одржа во Стопанската комора на Северна Македонија, се изнесоа согледувањата на бизнисот во врска со посакуваните промени што ќе и помогнат на УЈП да им служи на даночните обврзници побргу и подобро. Г. Дон Мејнваринг од Канцеларијата за техничка помош на Министерството за финансии на САД, кој го предводи тимот ангажиран да даде предлог за реформи на Управата за јавни приходи на Р. С. Македонија, ја искажа својата благодарност за средбата, но и привилегијата што имаат можност да го дадат својот придонес во градењето и во зајакнувањето на услугите спрема даночните обврзници во С. Македонија. Тој истакна дека во моментов развиваат концепт на операции кој ќе овозможи подобрување на услугите за даночните обврзници. На средбата претседателот Азески го истакна традиционалното силно партнерство кое го има Комората со Управата за јавни приходи години наназад, дефинирајќи, градејќи и реализирајќи заеднички проекти во интерес на компаниите и на државата. Претседателот Азески ја нагласи потребата на бизнисот од предвидливост и од правна сигурност, која е незаобиколен основен фактор во обезбедувањето на ликвидноста на компаниите, но и на економската перспектива на нашата држава, а навремениот поврат на данокот на додадена вредност на компаниите во моментов е на врвот на барањата на бизнис-заедницата од Управата за јавни приходи на РСМ. Повратот на платениот данок на додадена вредност на компаниите не смее да чека и не смее да се повторуваат ваквите задржувања во корист на државниот буџет, а на штета на бизнисот, кој е локомотива за економскиот раст, што значи дека треба да се најде соодветна законска нормативa со која ликвидните средства на бизнисот не смеат да чекаат и да се врзуваат со неоправдано долги даночни контроли, истакна претседателот Азески. Покрај приоритетното

барање за навремен поврат на ДДВ, Комората во изминатиот период упати предлози и иницијативи кои беа разработени и поткрепени со детални аналитички истражувања. Станува збор за барања кои ќе овозможат воспоставување еден инклузивен процес за подобрување на статусот на даночните обврзници, ќе овозможат брз и целосен увид во трансакциите на економските субјекти, ќе отворат силен практичен фронт во борбата против сивата економија и ќе влијаат врз практичното изедначување на примената на прописите на терен, а како позначајни претседателот Азески ги издвои: интегрираното електронско поврзување на сите соодветни бази на податоци кај УЈП; задржувањето на експертите во УЈП и привлекувањето нов кадар, особено во даночната инспекција, нивната поголема мотивираност и натамошна континуирана едукација, но и одговорноста за долгите постапки и за неизвршените дејства; креирањето бела листа на даночни обврзници како мерка за поттикнување на легалното работење и за зголемување на даночната дисциплина кај другите субјекти; формирањето советодавен одбор на даночни обврзници при УЈП како консултативно тело, со што ќе се унапреди соработката меѓу УЈП и деловните даночни обврзници и што ќе биде во насока на подобрување на примената на даночната политика и на комуникација со даночните обврзници, како и на објаснување и координација со заинтересираните страни; воведувањето централизиран систем на фактурирање и на следење на резервите (Е-ФАКТУРА) во секоја фаза на прометот и на воведувањето Е-ФИСКАЛНА СМЕТКА  робусни алатки во борбата против сивата економија; борбата со сивата економија во електронската трговија со цел елиминирање на нелојалната конкуренција. Управата за јавни приходи е институција која својата визија и мисија ја креира и ја реализира преку градење и обезбедување едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и за поддршка на даночните обврзници, заради навремено и точно исполнување на нивните обврските. Во постигнувањето на овие цели, кои се целосно во согласност со нашите иницијативи, Комората како најстара бизнис-асоцијација, која во своите редови ги има најдобрите компании и најдобриот кадар во нашата држава, е вистински партнер. Комората умее навреме да ги идентификува актуелните потреби, да ги утврди начинот и патот за нивна успешна реализација, но и е непоколебливо подготвена партнерски да учествува, посочи претседателот Азески.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/628

## 18.11.2024

## Продлабочување на економската соработка со Франција: Средба на претседателот Азески со амбасадорот Ле Риголер



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, оствари средба со амбасадорот на Франција во Република Северна Македонија, Н.Е. Кристоф Ле Риголер. На средбата беше истакната важноста на досегашната добра соработка и големиот неискористен потенцијал за натамошно зајакнување на економските односи меѓу двете земји. Во оваа насока, претседателот Азески и амбасадорот Ле Риголер се договорија да преземат конкретни чекори за проширување на соработката преку зголемување на инвестициите и трговската размена. Во рамките на овие активности, Стопанската комора ќе го реактивира Деловниот бизнис клуб за соработка со Франција и франкофонските земји. Овој клуб ќе биде клучен инструмент за привлекување на француски

инвестиции и унапредување на трговските односи, со што ќе се создадат нови можности за македонските компании. Претседателот Азески истакна дека македонските компании и иноватори се подготвени и мотивирани за настап на европските пазари, користејќи ја својата конкурентност и иновативност за постигнување поголем успех. Од своја страна, амбасадорот Ле Риголер ги охрабри македонските компании да ја зголемат својата активност на францускиот пазар, преку барање на добавувачи, партнери и учество на саемски манифестации во Франција. Амбасадорот ја потврди подготвеноста на француската амбасада да обезбеди поддршка и релевантни информации за компаниите што ќе се решат на овој чекор.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/631

## 20.11.2024

## Претседателот Азески и реномирани претставници од бизнисот присуствуваа на ЕКСКЛУЗИВНИОТ ГАЛА-НАСТАН: „ЖЕНИТЕ НА ПУЧИНИ“ организиран од Националната опера и балет



Поддржувајќи ја македонската култура и идентитет, во соработка со Националната опера и балет, Стопанската комора на Северна Македонија со своето присуство на Гала настанот „ЖЕНИТЕ НА ПУЧИНИ“, организирано по повод 100 години од смртта на големиот италијански композитор Џакомо Пучини, придонесе за создавање нови програми што ќе им овозможат на илјадници луѓе да ја доживеат сценската уметност во нејзиното најдобро издание. Како гости на Стопанската комора, во друштво на претседателот на Комората, г. Бранко Азески и потпретседателот Зоран Јовановски, присуствуваа и видни личности од бизнисот и еминентни странски претставници на донаторските организации, поддржувачи на македонската економија и бизнисот, кои во континуитет ја поддржуваат Стопанската комора во реализирање на стратешките приоритети, креирање на нови алатки и јакнење на капацитетите за испорачување на сервиси на компаниите кои значат јакнење на конкурентните способности на самите компании и економијата во целина. Проследувајќи ја изведбата на 12 незаборавни арии од Пучини, претставниците на комората имаа можност да ја посетат и изложбата „Пучини низ историјата на МОБ“, која го слави неговото богато наследство.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/633

## 22.11.2024

## Азески во посета на металуршките компании во комплексот Железара




Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, ги посети металуршките компании „Либерти АД Скопје" и „Макстил АД Скопје", сместени во индустрискиот комплекс Железара. Посетата имаше за цел да се продлабочи соработката со овој стратешки сектор и да се нагласи ангажманот на Комората како клучен партнер во поддршката на компаниите во нивните напори за раст, развој и поголема конкурентност. На двата одделни состанока со директорките на компаниите, Тодорка Ристовска од „Либерти АД Скопје" и Марија Павловска Дуковска од „Макстил АД Скопје",особено беше нагласена потребата од поддршка за обезбедување поволни услови за инвестиции, а се отворија и прашањата за главните предизвици со кои се соочуваат компаниите од металуршката индустрија, како што се глобалните промени на пазарите и зголемените барања за одржливост. Зборувајќи за важноста на металуршкиот сектор во однос на целата економија, Азески потенцираше дека Комората ќе продолжи да биде партнер на компаниите во нивните заложби за развој и раст. Тој истакна дека металургијата е еден од најзначајните извозни сектори и Комората ќе ги засили напорите за обезбедување на мерки кои ќе го зајакнат извозот преку поддршка за нови инвестиции и подобрување на условите за работа. „Макстил АД Скопје" е македонски производител на челик со долга индустриска традиција, чијшто производствен процес е составен од Челичарница со електропечка, казанска печка и контилив како и Валавница за производство на топловалани дебели лимови. Компанијата е присутна на пазарите во повеќе од 40 држави, а мнозински сопственик на компанијата е DITH. „Либерти АД Скопје" има 480 вработени. Има годишен производствен капацитет од 750к тони ладновалан, 200к тони поцинкуван како и 77к тони пластифициран челик. „Либерти АД Скопје" опслужува клиенти од градежната и општата индустрија низ Балканот и Југоисточна Европа.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/636

## 28.11.2024

## Азески - Туркменоглу: Поддршката за конкурентноста на приватниот сектор – дел од стратегијата на ЕБОР



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, оствари работна средба со шефот на канцеларијата на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) во С. Македонија, Фатих Туркменоглу. Разговорите беа

фокусирани на новата петгодишна стратегија на ЕБОР за Северна Македонија, која се очекува да биде усвоена напролет следната година. На состанокот беше истакнато дека стратегијата, каде се дефинира ангажманот на ЕБОР во С. Македонија, останува насочена кон три главни приоритети: Поддршка за конкурентноста на приватниот сектор, која ќе се реализира преку подобрување на вредносните синџири, доквалификација на работната сила и зајакнување на владеењето; Зајакнување на регионалната интеграција преку активности за меко поврзување и приближување на земјата до Европската унија; Поттикнување на транзицијата кон зелена економија преку одржлива мешавина на извори на енергија и поголема ефикасност на ресурсите. Азески нагласи дека стратешките насоки на Комората се комплементарни со приоритетите на ЕБОР, особено во делот на регионалната интеграција, зајакнувањето на извозните капацитети и спроведувањето на Зелената агенда. Како клучни примери за заложбите тој ги посочи активностите во рамки на Берлинскиот процес, каде Комората посветено работи на регионалната интеграција со тоа што е на водечките позиции во регионалните здруженија и иницијативи од типот на КИФ ЗБ6 и Асоцијацијата на балкански комори (АБК). Дополнително, заложбите на Комората за зајакнување на извозот се материјализираат преку формирање на институции како Националниот совет за извоз, Извозниот институт, како и зајакнувањето на Клубот на извозници внатре во Комората. На средбата се дискутираше и за предизвиците со кои се соочува приватниот сектор, вклучително прашања како повратот на ДДВ и подготвеноста на компаниите да ги искористат средства од најавениот унгарски кредит. Досегашните инвестиции на ЕБОР во земјата изнесуваат околу 3 милијарди евра, реализирани преку 196 проекти, додека моменталното портфолио изнесува 1,3 милијарди евра.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/641

## 01.12.2024

## Нова платформа за дијалог и идеи: Започна подкастот „Бизнис клуб“ со Бранко Азески




Стопанската комора на Северна Македонија започна со подкастот „Бизнис клуб", најновата иницијатива на претседателот Бранко Азески. Оваа платформа е креирана со цел да отвори нови хоризонти за размислување, да поттикне дијалог за актуелните економски предизвици и да ги приближи искуствата од реалниот сектор до пошироката јавност. Промоцијата на новиот подкаст и на бизнис публикациите „Стратешки документи на Комората" и „Нов договор за економски развој", дела на Азески и професор д-р Дарко Лазаров, беше направена во Охрид. На настанот присуствуваа премиерот Христијан Мицкоски, министерот за надворешни работи и надворешна трговија Тимчо Муцунски, градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков, како и претставници од бизнис секторот и пратеници. На промоцијата Азески најави дека подкастот „Бизнис клуб" има за цел да ја афирмира плејадата млади македонски бизнисмени, кои носат свежина во нашата економија и ќе ги прифатат ризиците со кои ќе се соочува економијата во наредните 15-20 години „Како бизнис задница сме определени да го следиме патот на Владата, ако и понатака ги слуша нашите барања кои се во интерес на државата и слободно да ги одбива сите наши барања кои се во интерес само на бизнисот, затоа што бизнисот не може да постои само за себе, он мора да постои за сите. На тој начин е остварена и поставена целта", рече Азески. Првата епизода од подкастот „Бизнис клуб" веќе е достапна на YouTube каналот на Комората. Претседателот Азески разговара со Иво Јанкоски, сопственик на продукцијата куќа „Трето уво", кој воедно е креатор и продуцент на серијалот. "Бизнис клуб" е заеднички проект на Стопанската

комора на Северна Македонија и Трето Уво. Секој четврток во 12 часот ќе има ново издание на подкастот. Во секоја епизода, Азески ќе разговара со влијателни бизнисмени, основачи на компании, претприемачи и инвеститори кои имаат големо искуство и конкретен придонес за развојот на македонската економија. Секој од овие гости, низ своето уникатно искуство и експертиза, ќе даде вредни согледувања за деловниот амбиент, промените во глобалната економија и конкретните предизвици и можности за македонскиот приватен сектор. Подкастот „Бизнис клуб" претставува одлична можност за сите оние кои сакаат да го разберат подобро локалниот и глобалниот економски контекст и да научат од искуствата на најуспешните бизнисмени.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/642

## 03.12.2024

## Јанкоски во „Бизнис клуб": Потребна е поголема афирмација на успешните македонски бизнисмени



Во премиерната епизода на подкастот „Бизнис клуб" претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески разговара со Иво Јанкоски, сопственик на продукциската куќа „Трето уво", човек кој остави траен белег во македонската култура и музичка индустрија. Во разговорот Јанкоски, кој воедно е креатор и продуцент на серијалот „Бизнис клуб", посочува дека подкастот е создаден за да ги афирмира македонските бизнисмени кои, и покрај нивните значајни достигнувања, често остануваат на маргините на медиумската сцена. „Имаме луѓе кои успешно го водат бизнисот и во земјата и надвор од границите на државата, го билдаат македонскиот БДП, вработуваат илјадници луѓе и ја движат економијата напред. Но, за жал, тие ретко добиваат медиумска видливост. Сакавме да создадеме содржина која ќе биде спротивност на скандалите и негативните вести. Така се роди идејата во дигиталните медиуми да креираме една интересна содржина која ќе направи афирмација на таквите млади и успешни бизнисмени и која ќе биде спротивност на содржините исполнети со црна хроника, со скандали и со претставување на личности кои немаат суштински што да кажат", истакна Јанкоски. Иво Јанкоски е дипломиран економист, но познат како продуцент, менаџер, издавач и промотор кој ја основал првата македонска независна издавачка куќа „Трето уво". Во разговорот со Азески, тој зборува и за предизвиците во музичката индустрија во Македонија и прави споредба со светските музички состојби и трендови. Тој исто така ги пренесува почетоците и соработката со групата „Леб и Сол", Влатко Стефановски, Анастасија, Кирил Џајковски, Вања Лазарова. Зборува и за настанот Балкански Музички Плоштад и основањето на М2 Продукција, која откри многу нови таленти. Зошто Стопанската

комора? Серијалот "Бизнис клуб" е заеднички проект на Стопанската комора на Северна Македонија и Трето Уво. Според Јанкоски, Комората е природен партнер за овој потфат, бидејќи таа претставува заеднички именител за македонскиот бизнис сектор: „Комората е местото од каде тргнуваат главните текови во економијата, каде се решаваат предизвиците со кои се соочува бизнис секторот, но и се раѓаат новите идеи за развој на позитивна бизнис клима", вели Јанкоски. Улогата на Бранко Азески Како домаќин на подкастот, Азески внесе доза на искуство и визија. Тоа е човекот со долгогодишно искуство, добар познавач на бизнисот и бизнис-состојбата во нашата земја, но и на премрежијата низ кои поминаа нашите компании трасирајќи го патот на македонската економија; човекот познат и признат од бизнис заедницата кај нас, во регионот и пошироко и човекот со најмногу бизнис релации во земјава и пошироко.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/644

## 05.12.2024
## Д-р Драгана Чифлиганец во „Бизнис-клуб": „Потребна е вистинска примена на законите и поголема финансиска дисциплина за развој на економијата"



Во втората епизода на подкастот „Бизнис-клуб", претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески разговара со д-р Драгана Чифлиганец, претставник на помладата генерација бизнисмени и потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија. Во разговорот со д-р Драгана Чифлиганец, која е прва дама на чело на градежна компанија и синоним за „Адора инженеринг", се изнесуваат факти за градежната индустрија, но и за предизвиците со кои се соочува македонската економија. „На Македонија ѝ е потребна национална стратегија за 10-15 години, која ќе биде поддржана од сите политички партии и која ќе се применува без разлика на тоа кој е на власт. Таа ќе опфати активности за намалување на корупцијата и активности за подобрување на образованието, кое е клучен фактор за една економија", потенцираше д-р Чифлиганец. „Бизнисот е брз и динамичен, па затоа при носењето на законите, регулативите и на прописите од областа на економијата гласот на бизнисот треба да биде уште посилен. На бизнисот му требаат брзи одлуки и решенија, па затоа е потребно да се има воспоставен правен систем, почитување на стручноста, департизација и примена на законите. Треба да има сѐ помалку примери кога поединецот се става над законите", потенцираше д-р Чифлиганец. https://mchamber.mk/mk/news/index/646

16.12.2024

## М-р Митко Јанчев во „Бизнис-клуб“: Кавадарци, во чиј регион се наоѓаат најголемите компании, е најиндустрискиот град во државата и втора општина според БДП која ја полни државната каса



Во третата епизода на подкастот „Бизнис-клуб‟ претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески разговара со м-р Митко Јанчев, сопственик и управител на ДПТУ „Кожувчанка‟ од Кавадарци и градоначалник на Општина Кавадарци. Според градоначалникот Митко Јанчев, за успех на една општина нејзината достапност и отвореност спрема бизнисот се важни за развој на бизнисот. „Градоначалникот мора да се стави во функција на граѓаните и на бизнисот, кој ја поддржува Општината со плаќање даноци и преку донации за реализација на активности во делот на инфраструктурата, здравството и на јавниот живот. Кавадарци, во чиј регион се наоѓаат најголемите компании, е најиндустрискиот град во државата и втора општина според БДП која ја полни државната каса‟, истакнува градоначалникот Јанчев. Според бизнисменот Јанчев, фокусот на државата треба да биде на подигнување на економијата, но без Комората и без бизнисот нема развој на економијата и движење на државата напред. „Бизнис-секторот треба да биде поблиску до државата, до општините и до работниците за да има една целина и за државата да се движи кон успех‟, изјави бизнисменот Јанчев.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/656

16.12.2024

## 2025, ГОДИНА НА ИЗВОЗ, ИНВЕСТИЦИИ, ИНФРАСТРУКТУРА, СО МИНИМУМ 3% РАСТ



Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), асоцијација која ги обединува шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан, утре (17.12.2024 г.) во Скопје ќе ја одржи својата 33та седница, на која домаќин ќе биде потпретседателот на Коморскиот инвестициски форум и претседател на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески. На седницата, лидерите на комори од регионот ќе дискутираат за клучните приоритети во активностите на Коморскиот инвестициски форум во 2025 година, имајќи го во вид отпочнувањето на примената на новиот Акциски план за Заеднички регионален пазар, во кој КИФ е активно вклучен

во структурата на управување со процесот во однос на имплементацијата и надгледувањето на мерките предводени од приватниот сектор. Со усвојувањето и имплементацијата на стандардите на ЕУ, како основа на мерките во рамките на Заедничкиот регионален пазар, Акцискиот план служи како важна пристапна порта кон единствениот пазар на ЕУ во многу сектори и како алатка за унапредување на процесот на пристапување во ЕУ, и затоа вклучување на стопанските комори од регионот со активности, преку КИФ во овој процес, е од клучно значење за максимизирање на придобивките. На домашен план како да започнаа да се заокружуваат клучните економски активности. Се донесе буџетот, се финишираат активностите со унгарскиот кредит, Бехтел и Енка се внесени во извршување на работите, странските инвестиции продолжуваат, на анализа одат неколку суштински закони меѓу кои и Законот за работни односи во делот на недела неработен ден. Што значи после три годишна имплементација Законот оди на преиспитување. Растот на Бруто домашниот производ од 3% за третото тромесечие дава поттик и надеж за акција 2025 да биде година во која секоја нареда година ќе имаме повисока стапка на раст. За таа цел, Комората во петокот (13.12.2024 година) организираше два настани кои ги фокусираат нашите приоритети борба против корупцијата и градење вештини за потребите на бизнисот во високо образовните институции, како продолжение на се` она што го направивме во дуалното образование во средните училишта. Да резимираме, бизнисот е структура која работи на долги патеки и во моментов претставува единствен кохезионен партнер на нашите простори: меѓудржавни, меѓунационални, меѓуверски, генерациски итн. Нашиот предлог е сосема едноставен. Поддржете ги нашите вакви определби, за да може бизнисот да Ве поддржи вас. П.С. После новогодишните празници нашите активности продолжуваат, а ќе започнат со две значајни работи: 1. Во Скопје ќе се одржи работна средба на Асоцијацијата на Балкански Комори (АБК), на која исклучиво ќе се разговара за развојот на инфраструктурата на Балканот во функција на развој на бизниот, особено за железницата која е рак рана на транспортот како важна алатка во нашето работење. За таа цел, оваа недела ќе имам работни средби со моите колеги од Грција и Турција, Масутис и Хисарчиклиоглу, на кои ќе ги дефинираме заклучоците на АБК. 2. На домашен план, ќе стартуваме со отворање на Институтот за извоз кој што произлезе од проектот "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој се спроведува во партнерство со УСАИД, со новиот состав на Националниот совет за извоз како обединувачко тело на приватниот и јавниот сектор во делот на извозот.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/657

## 16.12.2024

## Партнерството меѓу бизнис секторот, институциите и граѓанските организации – клуч за успешна борба против корупцијата



По повод 9-ти декември, светскиот ден за борба против корупцијата, Стопанската комора на Северна Македонија и Транспаренси Интернешнл Македонија организираа настан на тема „Партнерството помеѓу бизнис секторот, институциите и граѓанските организации во борбата против корупцијата". На настанот учествуваа претставници од различни сектори, кои истакнаа дека зајакнатото партнерство помеѓу бизнис-секторот, институциите и граѓанските

организации е неопходно за ефективна борба против корупцијата. Овие три столба можат да создадат синергија која ќе го трансформира општеството и ќе обезбеди праведна и транспарентна деловна средина. Настанот го отвори претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, кој потенцираше дека борбата против корупцијата е врвен приоритет на комората, а бизнисот сака да се бори против корупцијата зошто е една од нејзините жртви. „Имаме намера да се интензивира борбата против корупцијата и ќе соработуваме со институциите на сите нивоа. Упорноста е единствен лек во борбата против корупцијата и секогаш треба да се изнесува вистината. Од декларативна борбата против корупцијата треба да прерасне во конкретна. Очекувам во декември 2025 година, кога ќе го одбележуваме 9 Декември  Денот на борбата против корупцијата да зборуваме за конкретни активности кои сме ги спровеле", рече Азески. На настанот свои согледувања за корупциските практики и борбата против корупцијата искажаа и Благоја Пандовски, претседател на Транспаренси Интернешнл- Македонија, Сашо Јаковчевски, помошник на главниот државен ревизор на ДЗР, кој зборуваше за слабите точки на делување на институциите детектирани во извештаите на ДЗР кои наштетуваат врз работата на бизнис секторот. Сервет Демири, член на Државната комисија за спречување на корупцијата, кој се осврна на темата „Детектирани ризици од корупција-Поддржување на транспарентноста и интегритетот во приватниот сектор", додека министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски, зборуваше за дигитализација на јавните услуги како алатка за намалување на корупцијата. На последниот Индекс за перцепција на корупцијата, Северна Македонија беше оценета со 42 поени, со што се најде на 76-то место. Иако рангирањето покажува мало подобрување, сепак е јасно дека се потребни дополнителни напори за суштински напредок.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/658

## 18.12.2024

## СРЕДБА АЗЕСКИ-МАСУТИС-Продлабочување на соработката меѓу Северна Македонија и Грција предуслов и за регионален напредок и постигнување подобри економски резултати



Синоќа во Солун беше остварена средба меѓу претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и претседателот на Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Јоанис Масутис. На средбата се апострофираа неколку клучни точки кои се приоритети во соработката меѓу двете земји, а кои се однесуваат пред cegrave; на продлабочување на соработката преку подобра инфраструктура и пофункционално вмрежување на компаниите од двете земји. Беше подвлечено и дека Солунското пристаниште е точка на спојување на бизнисите и Грција сноси огромна одговорност за негово нормално функционирање. На состанокот со Масутис, освен за продлабочување на соработката меѓу Грција и Северна Македонија, претседателот Азески разговараше и за актуелните прашања од економското опкружување на земјите од Балканот вклучувајќи ги и перспективите на балканските земји за приклучување кон Европската Унија, како и прашањето за трговската и економската интеграција на земјите од регионот. Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески е претседател и домаќин на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) за тековнава година. Во таа насока на

почетокот од 2025 година во Скопје ќе се одржи работна средба на АБК на која ќе се разговара за развојот на инфраструктурата на Балканот во функција на развој на бизнисот, особено за железницата која е рак рана на транспортот како важна алатка во нашето работење. Во овој контекст претседателите на двете комори на средбата во Солун ги акцентираа главните прашања кои ќе бидат предмет на дискусија и на преземање конкретни чекори на состанокот на АБК кој ќе се одржи набргу во Скопје. АБК-Асоцијацијата на балканските комори е здружение на 11-те стопански комори од Балканскиот Регион кое годинава одбележува 30 години од своето постоење. Целта на Асоцијацијата е создавање интеграција и развој на стопанската соработка во регионот. Членки на АБК, покрај Стопанската комора на Северна Македонија се и Стопанската комора на Албанија, Стопанската комора на Бугарија, Надворешно-трговската комора на БиХ, Стопанската комора на Црна Гора, Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Стопанската комора на Кипар, Стопанската комора на Романија, Стопанската комора на Србија, Унијата на коморите и стоковите берзи на Турција и Стопанската комора на Косово. * Вкупната трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција за периодот јануари-октомври 2024 годинаизнесува 1,15 милијарда САД $, со пад од 7,3% во однос на истиот период од 2023 година.Притоа за овој период, остварен е извоз во вредност од 251 милиони САД $, со пад од 10.4%, додека, пак, увозот изнесува 896,3 милиони САД $, со пад од 6,3% споредено со истиот период од 2023 година.Во вкупната надворешно-трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција за периодот јануари-октомври 2024 годинаостварен е трговски дефицит од 645 милиони САД $. * Вкупната трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција пак за 2023 година изнесува 1,46 милијарди САД $, со пад од 17.7 % во однос на 2022 година. (најмногу поради падот на цените на енергенсите).Притоа за 2023 година остварен е извоз во вредност од 331,2 милиони САД $, со пад од 3,3 %, во споредба со 2022 годинадодека, пак, увозот изнесува 1,13 милијарди САД $, исто така, со пад од 21,1 % споредено со 2022 година. Во вкупната надворешно-трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција за 2023 годинаостварен е трговски дефицит од 797 милиони САД $. Република Грција ѝ е трет трговски партнер на Република Северна Македонија за 2023 година а за 10 години заклучно со 2023 година вкупните инвестиции од Грција во Северна Македонија изнесуваат 445 милиони евра, што значи дека Грција е еден од нашите најголеми инвеститори и трговски партнери.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/659

## 23.12.2024

## Д-р Нина Ангеловска во „Бизнис-клуб“: Промените во нашата земја се многу тешки, без разлика дали се прават однатре во институцијата или однадвор во кој било сегмент



Во четвртата епизода на подкастот „Бизнис-клуб“ со претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, д-р Нина Ангеловска зборува за петте лекции кои успеала да ги научи во текот на својот мандат како министер за финансии. „Прво, научив дека е исто толку тешко промената да се прави однатре во институцијата колку што е

тешко да се прави однадвор во кој било сегмент; второ, научив за моќта на лажните вести и на пиарот; трето, научив што значи изреката „Пливај како делфин во морето од ајкули" и научив како да пливам; четврто, научив друга магнитуда на стрес и да управувам со него, како и за последиците од тоа, и петто, од она што претходно беше заеднички именител на мојот кариерен пат способноста да се гледа на предизвиците како на можности, како што беше со „Групер" и со Асоцијацијата за Е-трговија научив нападите да ги претворам во конструктивни акции", истакна д-р Нина Ангеловска. Парите се мерило за добрата работа, а не главен мотив.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/667

## 24.12.2024
## Партнерски однос за економски развој: Стопанската комора и Фискалниот совет потпишаа договор за соработка



Стопанската комора на Северна Македонија и Фискалниот совет на Република Северна Македонија потпишаа договор за соработка, со кој се поставува основа за редовна комуникација и партнерски однос во клучни области како што се макроекономските движења, монетарната и фискалната рамка и управувањето со јавните финансии. Целта е да се зголеми взаемната информираност во функција на максимизирање на предвидливоста на бизнис амбиентот за економските субјекти. Договорот, кој го потпишаа претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и претседателот на Фискалниот совет, д-р. Глигор Бишев, предвидува размена на податоци, анализи, извештаи и мислења што се од взаемен интерес, што ќе овозможи подлабока координација меѓу двете институции. Исто така, договорена е можноста за заедничко учество во проекти, програми и анализи. Покрај тоа, двете страни ќе соработуваат во организирање обуки, едукативни настани и работилници на теми кои ги засегаат актуелните економски предизвици. Соработката ќе вклучува и меѓусебна стручна поддршка со цел пронаоѓање најповолни решенија за сложените економски прашања со кои се соочува државата.

Фискалниот совет е избран од страна на Собранието. Станува збор за независно тело чија цел е да дава независни стручни мислења за фискалните политики и стратегиските документи и извештаи, како и да го надгледува спроведувањето на фискалните правила, заради обезбедување макроекономска стабилност и фискална одржливост. Првиот состав на Фискалниот совет го сочинуваат: (претседател) проф. д-р. Глигор Бишев, по предлог на Народната банка и членовите: академик Абдулменаф Беџети, предложен од МАНУ и д-р Марина Трпеска, редовна професорка на Економскиот факултет на УКИМ, предложена од Државниот завод за ревизија.
https://www.mchamber.mk/mk/news/index/668

## 25.12.2024
## Стопанската комора и Државната комисија за спречување на корупцијата потпишаа Меморандум за заедничка борба против корупцијата




Стопанската комора на Северна Македонија и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) потпишаа Меморандум за соработка, кој има за цел да ја зајакне борбата против корупцијата и да го унапреди интегритетот во општеството. Оваа иницијатива е дел од проектот „Граѓаните против корупцијата", поддржан од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

На состанокот, кој се одржа во просториите на Стопанската комора, беа презентирани активностите на Стопанската комора во рамки на проектот, вклучително и резултатите од анкетата што Комората ја спроведе за изложеноста на компаниите на коруптивни барања од јавниот сектор во 2023 година. Беше дискутирано и за обуките за бизнис интегритет, кои се дел од проектот, а опфаќаат поставување на систем за интегритет во компаниите, усогласување со меѓународните и европските стандарди, примена на мерки за спречување на корупцијата и поттикнување на етичка деловна средина.

Меморандумот за соработка го потпишаа претседателот на Комората, Бранко Азески и претседателката на ДКСК, Татјана Димитровска. Тој предвидува одржување на средби меѓу претставниците на двете институции, со можност за вклучување на компании членки на Комората и други релевантни институции со надлежности за спречување на корупцијата. Оваа рамка за соработка опфаќа учество во работни групи заради промена на законска и друга регулатива од областа на спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и учество во изготвувањето на новата национална стратегија за спречување на корупцијата и имплементација на активностите од истата. Меморандумот предвидува соработка при реализација на настани-јавни дебати, работилници, конференции, тренинзи насочени кон зголемување на свеста кај јавноста за прашања поврзани со спречување на корупцијата и јакнење на интегритетот.

Програмата „Граѓаните против корупцијата" е предводена од Македонскиот центар за меѓународна соработка**,** поддржана од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД**),** а се реализира преку Конзорциум на разновидни учесници, меѓу кои и Комората како претставник на приватниот бизнис сектор.

https://www.mchamber.mk/mk/news/index/670

## 27.12.2024
## Бизнис врски со пријателски предзнак



За успешни бизнис приказни, треба да се изградат пред сè успешни пријателски врски, бидејќи без некој да се почитува и цени како човек

или народ, не може ниту да се третира како бизнис партнер.
Токму тоа го покажа вчера во Скопје турската бизнис елита, која преку бизнис форумот и присуството на бројна бизнис и политичка делегација со над 150 учесници, се заокружи со пријателско вечерно дружење. Како претседател на најмоќната бизнис организација, на Стопанската комора, имав чест да бидам не само еден од гостите на ова дружење туку и да го имам почесното место до сопственикот на холдингот Лимак, господинот Нихат Оздемир.
На само неколку дена во годината што изминува (2024 г.), кога речиси сите деловни активности се заокружуваат, бројната делегација од Турција дојде во Скопје со најава и подавање рака за креирање нови партнерства и бизнис зделки на економски план. Среќен сум и задоволен што дојде до оваа средба на крајот на годината како би се резимирале резултатите од нашата заедничка работа и би се направиле анализи и би се предложиле активности за наредната 2025 година, која ќе биде исклучително важна година за двете економии, а и воопшто за економиите на Европа и Балканот каде егзистираме. Сметам дека овие средби треба да зачестат за во овие тешки моменти да можеме полесно да ги пребродиме кризите кои доаѓаат и кои се пред нас.
Но, оваа средба, навидум идентична со секој ваков друг настан, има неколку специфики кои и даваат посебно значење.
**Прво,** Република Турција и Република Северна Македонија имале секогаш одлично изградени односи на политичко ниво, но она што нас не интересира на полето на економијата, е да се најдат најдобри решенија за соработка со бенефит за двете заедници, а не по штета на некоја од земјите.
